СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ
НА СКОПСКИ
ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН



Март, 2010
Скопје

Подржано од:

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Вовед
1. Профил на Скопски плански регион
2. Препораки за успешност во имплементацијата на Програмата
3. Визија, мото и приоритетна листа
4. Стратешки правци за развој на Скопски Плански Регион
    1) SWOT анализи по стратешки теми,
    2) Стратешки цели;
    3) Конкретни цели;
    4) Програми;
    5) Индикатори на успешност;
    6) Извор на информации;
    7) Ризици;
5. Имплементација
    1) Институционална рамка за регионалниот развој
    2) Финансирање на регионалниот развој
    3) Следење, оценување и ажурирање на Стратегијата за регионален развој

1. АНЕКС 1: Табеларен приказ на Стратешките цели ;
2. АНЕКС 2: Листа на учесници во работните групи;
3. АНЕКС 3: Проценка на културните вредности на граѓаните од Скопскиот плански регион

## Вовед

За потребите на планирањето на регионален развој и имплементацијата на мерките и инструментите за поттикнување на рамномерниот регионален развој, воспоставени се плански региони во Република Македонија. Планските региони се единиците на НТЕС трето ниво утврдени со акт на Владата на Р. Македонија за утврдување на номенклатурата на територијалните единици за статистика – НТЕС.

Планирањето на развојот на Скопскиот плански регион е извршено во согласност со планските документи како што се: Просторниот план на Република Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Програмата за регионален развој на Скопскиот плански регион претставува основен развоен документ на регионално ниво за периодот од 2009 до 2014 година. Таа ја дефинира моменталната состојба на регионот, стратешките правци за развој и предлага мерки за утврдување и надминување на постоечките услови. Програмата е подготвена во периодот јуни-август 2009 година, водена од страна на Советот и Центарот за развој на Скопскиот плански регион во партнерство со повеќе од 140 претставници од општините од регионот, Министерството за локална самоуправа, експерти и УСАИД.

Програмата за развој на регионот е усвоена од страна на Советот за развој на Скопскиот плански регион (декември, 2009) по претходна согласност од страна на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

Совет за развој на
Скопскиот плански регион
Претседател
г-дин Тони Трајковски

# 1. Профил на Регионот

## 1.1. Местоположба и урбанизираност

Скопскиот плански регион го опфаќа басенот на Скопската котлина и зафаќа вкупна површина од 1812 км$^2$ или 7% од територијата на Република Македонија.[1] Овој регион опфаќа 17 општини (Табела 8.1.), од кои 10 се дел од градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Во регионот се лоцирани 142 населени места, од кои 141 се рурални населби. Густината на населеност изнесува 319 жители/км$^2$ и е четири пати повисока од просекот на земјата (81 жители/км$^2$). Во градот Скопје е концентрирано околу 88% од населението во регионот, односно 25,1% од вкупното население во земјата што укажува на огромната концентрација на населението во скопската агломерација.

Табела 1: Општините во Скопскиот плански регион

| | Општина | Површина ха | жит/км2 | Населени места | Учество (во %) на градското во вкупното население |
|---|---|---|---|---|---|
| 0 | **Скопје** | 571 | 888 | 52 | |
| 1 | Аеродром* | | | 1 | 96.6 |
| 2 | Бутел* | | | 4 | 74.0 |
| 3 | Гази Баба* | | | 13 | 60.3 |
| 4 | Ѓорче Петров* | | | 6 | 78.9 |
| 5 | Карпош* | | | 2 | 97.0 |
| 6 | Кисела Вода* | | | 2 | 82.8 |
| 7 | Сарај* | | | 22 | 14.8 |
| 8 | Центар* | | | 1 | 100.0 |
| 9 | Чаир* | | | | 100.0 |
| 10 | ШутоОризари* | | | 1 | 97.9 |
| 11 | Арачиново | 31 | 374 | 4 | |
| 12 | Зелениково | 177 | 23 | 14 | |
| 13 | Илинден | 97 | 164 | 12 | |
| 14 | Петровец | 202 | 41 | 16 | |
| 15 | Сопиште | 222 | 25 | 13 | |
| 16 | Студеничани | 276 | 62 | 19 | |
| 17 | Чучер-Сандево | 236 | 36 | 12 | |
| | **Вкупно** | **1812** | **319** | **142** | **71.8** |

Извор: Државен Завод за Статистика

## 1.2. Природни ресурси

Земјоделското земјиште во Скопскиот регион зафаќа површина од 79.571ха ( 6% од вкупната земјоделска површина во земјата), од кои 40.900ха (51%) се пасишта. Во структурата на обработливите површини ораниците и бавчите учествуваат со 80%. Вкупната површина под шуми изнесува 76.636ха (7.5% од вкупните шуми во Република Македонија) што претставува 42% од вкупната територија на регионот. Дрвната маса изнесува 3.8 милиони м$^3$ (4.7% од вкупната дрвна маса во земјата), а планираниот сечив етат на дрвна маса изнесува 58.000м$^3$ годишно (4.2% од вкупната количина на сечива дрвна маса во Република Македонија).[2]

[1] Површините на регионите се однесуваат само на копнениот дел од територијата

[2] Дрвната маса и планираниот сечив етат во планските региони се однесуваат на шумите уредени со шумско-стопански основи со кои стопанисува ЈП Македонски шуми

Од досега истражените рудни наоѓалишта најважно економско значење имаат лежиштата на хромни руди во Радуша (во општина Сарај), а од неметалните оруднувања најзначајни се украсните камења и травертините во Кучково и Свиларе. Посебно минералошко значење имаат термалните и термо-минералните води во Катланово, кои даваат можност за развој на бањскиот туризам на ова подрачје.
Главен воден ресурс во Скопскиот плански регион е реката Вардар, со притоките Треска, Лепенец, Пчиња, Маркова и Кадина Река. На реката Треска подигнати се две акумулации Матка 1 и Козјак, а во изградба е и Матка 2. Покрај хидроенергетскиот потенцијал, Треска и Кадина река со своите амбиентални убавини нудат извонредни услови за рекреација и развој на туристичко-угостителски содржини. Од особено значење за водоснабдувањето на градот Скопје претставува карсното врело „Рашче“, а за Скопското Поле посебен ресурс претставуваат подземните артерски води.

### 1.3. Природно и културно-историско наследство

Од природното и културно-историското наследство во Скопскиот плански регион, по својот туристички потенцијал посебно се издвојуваат археолошкиот локалитет Скупи, тврдината Кале, аквадуктот, старата градска чаршија во градот Скопје, бројни цркви и манастири, како и неколку природни резервати и споменици на природата, од кои најголем туристички потенцијал имаат Кањонот „Матка“ и езерото „Треска“.

### 1.4. Население и демографски карактеристики

Според Пописот на население од 2002 година Скопскиот плански регион имал 578144 жители или 6.0% повеќе во споредба со 1994 година[3] (Табела 8.2). Во анализираниот период, овој регион се карактеризира со еден и пол пат поголем пораст на населението од оној на ниво на земјата и со изразени внатререгионални разлики во развојот на населението.[4]
Природното движење на населението во регионот се одликува со натпросечен наталитет, потпросечен морталитет и двапати повисока стапка на природен прираст од просекот на земјата. Во периодот 1994-2006 година на ова подрачје дојде до преполовување на природниот прираст. Показателите за умрените доенчиња на 1000 живородени во некои од општините сѐуште се мошне високи. Во 2006 година стапката на тотален фертилитет за регионот изнесува 1.63 и не осигурува проста репродукција на населението. Во внатрешните миграции во регионот и во најголем број од општините доминантно учество на меѓуопштинските миграции (околу 66%). Во однос на надворешните миграции регионот се издвојува со двапати повисок удел на доселените од странство. Според повеќе индиции во последната деценија и во Скопскиот регион се интензивира емиграцијата во странство, особено на високообразованите кадри.
Облиците на старосните пирамиди на населението покажуваат дека и покрај промените, неговата старосна структура во основа коинцидира со онаа на ниво на земјата. (Графикон 8.1.). Рангирањето на демографската старост укажува дека во периодот 1994-2006 година населението во регионот од праг на демографска старост премина во стадиум на демографска старост. Во 2002 година тоа е во стадиум на демографска зрелост во четири општини, на праг на демографска старост во седум, во демографска старост во четири, а во длабока демографска старост во две општини.

---

[3] Имајќи го предвид долгорочниот тренд на демографските показатели, анализата на населението и демографските карактеристики е направена врз основа на податоците од двата последни пописи на населението (1994 и 2002).
[4] Во недостиг на податоци за населението во 17-те општини од Скопскиот регион во 1994 година, според територијалната организација од 2004, не може да се согледа порастот на населението и промените во неговите структурни белези во одделните општини.

**Табела 2: Обем, динамика и некои структурни белези на населението во Скопскиот плански регион**

| Регион Општини | Вкупно население (попис) | | Просечни годишни стапки на пораст на населението 1994/2002 | Проценка на населението (2006) | Стапки на природен прираст* | | Учество (во %) во вкупното население (2002) | | | Коефициенти на старосна зависност на населението*** (2002 година) | | | Домаќинства | | Obrazovno nivo na naselenieto staro 15 i poveće godini**** (2002) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | | | 1994 | 2006 | Деца (0 - 14) | Работоспособен контигент ** | Стари 65 и повеќе години | Вкупно | На младите | На старите | Број (2002) | Пораст (во %) 2002 / 1994 | Ниско | Средно | Високо |
| **Р. Македонија** | **1945932** | **2022547** | **0,48** | **2041941** | **8,1** | **1,9** | **21,1** | **66,0** | **10,6** | **46,3** | **30,9** | **15,5** | **564237** | **12,4** | **53,2** | **36,9** | **10,0** |
| ***Скопски*** | **545228** | **578144** | | **591991** | **8,4** | **3,9** | **20,3** | **67,2** | **10,0** | **43,6** | **29,2** | **14,4** | **163612** | **12,7** | **39,8** | **45,5** | **14,8** |
| Ск.+Сопиште | 486004 | | | 309912 | 7,6 | 0,0 | | | | | | | | | | | |
| Гази Баба | | 72617 | | 74915 | | 2,8 | 20,2 | 68,0 | 9,3 | 41,7 | 28,6 | 13,1 | 20332 | | 40,3 | 51,8 | 8,0 |
| Арачиново | 9542 | 11597 | | 12083 | 27,9 | 15,0 | 33,3 | 61,4 | 4,0 | 59,8 | 53,3 | 6,4 | 2267 | 55,5 | 86,2 | 12,3 | 1,5 |
| Илинден | 14512 | 15894 | | 16273 | 8,9 | 4,3 | 20,3 | 68,6 | 8,5 | 40,6 | 28,6 | 12,0 | 4298 | 12,9 | 49,0 | 48,6 | 2,3 |
| Петровец | 8123 | 8255 | | 8453 | 11,0 | 5,9 | 22,5 | 66,1 | 9,4 | 46,9 | 33,1 | 13,8 | 2087 | 9,7 | 64,0 | 34,3 | 1,7 |
| Ѓорче Петров | | 41634 | | 41182 | | 1,4 | 18,3 | 69,1 | 10,0 | 39,5 | 25,5 | 14,0 | 11884 | | 30,3 | 57,2 | 12,5 |
| Карпош | | 59666 | | 60176 | | -1,2 | 16,0 | 65,5 | 15,1 | 45,2 | 23,2 | 22,0 | 19676 | | 18,7 | 50,7 | 30,5 |
| Сарај | | 35408 | | 37159 | | 11,0 | 29,7 | 63,3 | 5,6 | 54,6 | 45,9 | 8,7 | 7971 | | 83,4 | 14,3 | 2,3 |
| Аеродром | | 72009 | | | | | 15,4 | 74,3 | 8,1 | 30,7 | 20,1 | 10,6 | 21495 | | 19,7 | 57,6 | 22,7 |
| Зелениково | 4236 | 4077 | | 4437 | 13,9 | 5,9 | 23,8 | 65,9 | 8,6 | 47,9 | 35,3 | 12,7 | 1014 | 10,6 | 62,8 | 35,8 | 1,4 |
| Кисела Вода | | 57236 | | | | | 17,5 | 66,6 | 12,8 | 43,5 | 25,1 | 18,4 | 17573 | | 28,1 | 57,3 | 14,6 |
| Сопиште | | 5656 | | | | | 23,6 | 62,6 | 11,2 | 53,6 | 36,3 | 17,3 | 1510 | | 65,5 | 31,7 | 2,8 |
| Студеничани | 14747 | 17246 | | 18182 | 20,6 | 17,5 | 31,3 | 61,9 | 5,4 | 58,1 | 49,5 | 8,5 | 3570 | 42,7 | 87,3 | 11,7 | 1,0 |
| Центар | | 45412 | | | | | 13,3 | 66,7 | 17,4 | 44,3 | 19,2 | 25,1 | 15352 | | 17,0 | 46,5 | 36,5 |
| Бутел | | 36154 | | | | | 20,6 | 67,8 | 9,3 | 42,5 | 29,3 | 13,2 | 10055 | | 37,5 | 50,8 | 11,7 |
| Чаир | | 64773 | | | | | 23,9 | 65,6 | 8,3 | 47,5 | 35,2 | 12,2 | 17106 | | 57,1 | 35,1 | 7,8 |
| Шуто Оризари | | 22017 | | | | | 29,7 | 64,3 | 4,5 | 52,0 | 45,2 | 6,9 | 5102 | | 82,1 | 16,9 | 1,0 |
| Чучер Сандево | 8064 | 8493 | | 9219 | 7,3 | 9,0 | 22,5 | 65,7 | 9,5 | 47,1 | 33,2 | 13,9 | 2320 | 32,0 | 54,9 | 43,0 | 2,1 |

*Природен прираст на 1000 жители (промили)

**Работоспособниот контигент го опфаќа населението на возраст 15-64 години (мажи) и 15-59 години (жени).

***Коефициент на вкупната старосна зависнот-оптовареност на  населението на работоспособна возраст со контигентите на младите (0-14) и на старите (65 и повеќе години). Коефициент на старосна зависност на старите-оптовареност на населението на работоспособна возраст со контигентите на старите 65 и повеќе години.

****Ниско ниво на образование – без образование, незавршено основно и основно образовани; Средно ниво на образование –тригодишно и четиригодишно средно образование; Високо ниво на образование-вшо и високо образование, магистратура, докторат.

Извор: Пресметано врз основа на податоци од ДЗС: Попис на населението, домаќинства, становите и земјоделските стопанства во Р. Македонија 1994;
Попис на населението, домаќинства и становите во Р. Македонија 2002 година (Книга XIII)

Скопскиот регион има потпросечен удел на децата, а натпросечна застапеност на жените на фертилна возраст, работоспособното население и постарите од 65 години. Оптовареноста на работоспособниот контингент во повеќе подрачја е условена од поголемата застапеност на младото население, што значи дека кај нив може да се очекува поголем пораст на работоспособниот контингент.

Порастот на бројот на домаќинствата и семејствата, како и просечниот број членови на домаќинство/семејство во Скопскиот регион се одвива со речиси еднаков интензитет како на ниво на земјата. Со повисоко учество на самечките домаќинства и на населението кое живее во нив се издвојуваат општините Карпош, Кисела Вода и Центар.

Образовната структура на населението во Скопскиот регион се карактеризира со натпросечна застапеност на населението со средно и високо ниво на образование, при што внатререгионалните разлики се фрапантни. Учеството на населението со ниско ниво на образование се движи од 17.0% (Центар) до 86.2% (Арачиново), со средно од 11.7% (Студеничани) до околу 57% (Ѓорче Петров, Аеродром и Кисела Вода), а со високо ниво на образование од 1.0% (Студеничани и Шуто Оризари) до 36.5% (Центар). Образовната структура на населението во многу општини е поповолна во споредба со другите подрачја во земјата. Сепак, не е мал бројот на оние со младо население кое има ниско ниво на образование.

Графикон 1: Старосни пирамиди на вкупното население во Скопскиот регион



### 1.5. Економски карактеристики

Според податоците од Државниот Завод за Статистика, Скопскиот плански регион имал БДП од 9978 евра по жител во 2005 година, што е за 64% над просекот на Република Македонија и 45% од просекот на ЕУ27. Со тоа, Скопскиот регион е далеку најразвиениот регион во Република Македонија и учествува со дури 47% во создавањето на македонскиот БДП. Според анализата на економските движења во нефинансискиот сектор за периодот 2003-2006 година, регионот бележи раст на вкупната додадена вредност на овој сектор (Табела 8.2.), меѓутоа растот е помалку динамичен во споредба со другите региони што е логично, имајќи во предвид дека основата во овој регион е многу повисока. Најзначајни сектори во регионот се прехранбената индустрија, текстилната, печатарската, металопреработувачката, градежништвото, угостителството, трговијата, транспортот и деловните услуги.

Табела 3: Индикатори за нефинансискиот сектор во Скопскиот плански регион

| | **Додадена вредност во нефинансискиот сектор (во милиони денари)** | | | | **Учество во вкупното производство (во %)** | | | | **Учество во вработувањата (во %)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** |
| **Вкупно** | 79061 | 83645 | 93671 | 99489 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| **Земјоделство** | 955 | 1157 | 1161 | 1297 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| **Индустрија** | 27451 | 26554 | 31126 | 30258 | 35 | 32 | 33 | 30 | 33 | 31 | 30 | 34 |
| **Градежништво** | 6185 | 6243 | 7012 | 7806 | 8 | 7 | 7 | 8 | 14 | 15 | 14 | 11 |
| **Услуги** | 44469 | 49690 | 54371 | 60128 | 56 | 59 | 58 | 60 | 49 | 51 | 52 | 52 |

Извор: Пресметано според податоци од ДЗС

Носители на економскиот развој во Скопскиот регион се големите претпријатија (Слика 8.1.) кои доминираат со околу 51% во вкупното производство во нефинансискиот сектор, а следат малите и средните претпријатија со учество од 36% и 13%, соодветно. Сепак, во поглед на вработените доминираат малите претпријатија со учество од 51% во вкупниот број вработени. Малите фирми се карактеризираат со раст на производството од 56% во периодот 2003-2006 година кога креирале околу 22000 (да се ажурира податокот) нови работни места, меѓутоа кај големите и средните претпријатија во истиот период биле загубени 6000 работни места.

Графикон 2: Додадена вредност во бизнис секторот




Извор: Државен Завод за Статистика

Бројот на малите претпријатија во периодот 2003-2006 година пораснал за 35%, а најголем дел од малите фирми се концентрирани во услужниот сектор (76%). Трошоците за работната сила по вработен во Скопскиот регион просечно се намалиле за 2% во анализираниот период, при што трошоците кај малите претпријатија биле помали за 3%, кај средните за 15%, а кај големите пораснале за 4%. Како и во другите региони, ова покажува дека малите бизниси главно отвораат ниско платени работни места и упатува и на нивната флексибилност и побрза реакција на пазарните движења. Сепак, овие индикатори откриваат дека и средните и големи претпријатија се реструктуираат прилагодувајќи го бројот на вработените кон реалните потреби на производствениот процес, а висината на платите на продуктивноста. Ова охрабрува дека во наредниот период големите и средните претпријатија ќе можат позначајно да придонесуваат во креирањето на нови работни места во Скопскиот плански регион. Продуктивноста на трудот во анализираниот период порасна за 12% што е под националниот просек, но значајно е што највисока продуктивност имаат големите претпријатија што ја потврдува нивната носечка економска улога во овој регион.
Според официјалните статистички податоци, услугите доминираат со 60% во производството и 52% во вработувањата, а следи индустријата со 30% и 34%, соодветно. Земјоделството учествува со 1% во производството и 3% во вработувањата што упатува на релативно малото значење на земјоделството како примарна гранка, меѓутоа има значење од аспект на концентрацијата на големи преработувачки капацитети од прехранбената индустрија во овој регион.
Условите за ***развој на земјоделството*** во Скопскиот плански регион се прилично лимитирани заради високото ниво на урбанизација на регионот и големата фрагментираност на земјоделските посеви што не оди во прилог на развивање на интензивно земјоделско производство. Во овој регион главно се застапени житните култури и во извесна мера лозарството, додека индустриските култури се многу малку застапени и нема поголеми потенцијали за нивно ширење. Карактеристично за овој регион е што потенцијалот за развој на градинарството што го детерминира побарувачката на најголемиот пазар во земјата не е доволно искористен, иако подрачјето климатски одговара за овој тип култури. Што се однесува до сточарството, не е доволно развиено иако постои висока побарувачка за сточарски производи од страна на преработувачките капацитети.

## 1.6. Пазар на работна сила[5]

Скопскиот плански регион е подрачје во кое концентриран најголем дел (30%) од работната сила во Република Македонија. Стапката на активност на населението во овој регион се намали од 64% во 1994 на 55.5% во 2002 година. Според состојбата во 2002 година стапката на активност на машкото население изнесува 65.8%, а женското 45.2%. Што се однесува на старосната структура на активното население со највисока стапка на активност (71,8%) се диференцира возрасната група 25-49 години. Како и во другите региони, економската активност е правопропорционална со степенот на образование на населението и е најмала кај лицата без училиште и со ниско ниво на образование, а најголема кај оние со факултетско образование.
Стапката на вработеност во Скопскиот плански регион е највисока во земјата и во 2002 година изнесува 38.6%. Споредено 1994 година таа е пониска за речиси една четвртина (48.7%), што претставува најмал пад на стапката на вработеност во

[5] Анализата на пазарот на работната сила е направена врз основа на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 1994 и 2002 година, од каде единствено може да се добијат официјални статистички податоци на регионално ниво. Понови податоци за пазарот на работна сила се достапни од Анкетата на работна сила (АРС) која од 1996 година ја спроведува Државниот завод за статистика. Бидејќи овие податоци не се изработуваат на ниво на регион, таа не се користи при изработката на Стратегијата за регионален развој.

споредба со другите плански региони. Во истиот период стапката на невработеност се зголеми од 22.8% (1994) на 30.4% (2002 година). Скопскиот регион се издвојува со најниска стапка на невработеност, што се објаснува со релативно повисокото ниво на економски развој. Иако регионот се карактеризира со далеку подобра состојба на пазарот на трудот во однос на другите подрачја во земјата, сепак и двете стапки (вработеност и невработеност) забележаа негативни промени во анализираниот период како последица на општите неповолни економски движења во земјата.
Највисока стапка на невработеност во Скопскиот плански регион е карактеристична за помладите старосни групи, а најниски вредности таа има кај постарите од 50 години. Анализата на образовното ниво на невработените покажува дека уделот на неангажираната работна сила е најголем кај лицата без образование и се намалува со зголемување на образовното ниво. Иако образовната структура на населението во овој регион е релативно поповолна во споредба со другите подрачја во земјата, сепак неспорна останува потребата за преземање на мерки за натамошно намалување на уделот на лицата со ниско ниво на образование и подобрување на квалитетот на работната сила (Табела 1.2.).

### 1.7. Пензиско осигурување

Податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ФПИОМ) покажуваат дека во Скопскиот плански регион во 2006 година имало 1.9 осигуреници (вработени лица што плаќаат придонеси) на 1 пензионер што претставува највисок сооднос од сите плански региони (Источниот плански регион има ист сооднос) и претставува добар индикатор во дадениот момент, но при планирање на развојот на пензискиот систем треба да се има предвид природното движење на населението во целата земја. Просечната пензија во регионот е мошне висока и изнесува 19% над националниот просек, што се должи на високото ниво на плати во овој регион и што упатува на повисок животен стандард на постарите лица во овој регион во однос на другите плански региони.

### 1.8. Здравствено осигурување

Речиси целото население во Скопскиот плански регион е покриено со здравствено осигурување, а како резултат на релативно подобрата состојба на пазарот на работна сила, повисок процент на населението е осигурано врз основа на работен однос. Покриеноста на населението со медицински кадар и достапноста на здравствените услуги од сите степени на здравствена заштита е многу подобра во однос на националниот просек како резултат на концентрацијата на економските активности и населението во овој регион.

### *1.9.* Услови за живот и домување

Податоците за домување покажуваат дека Скопскиот плански регион има релативно понизок пораст на бројот на станови помеѓу 1994 и 2002 година од 16.9% во однос на националниот просек (20.2%). Податоците за опременост на становите во овој регион, покажуваат мошне поволна положба на регионот зашто е најниско учеството на станови кои немаат водовод и канализација, кујна или бања и клозет, а највисоко е учеството на станови со централно греење.

### 1.10. 1.10 Комунална инфраструктура

Скопскиот плански регион има 1120 км водоводна мрежа која е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Врз основа на податоците од пописот 2002 година

97.2% од домаќинствата во овој регион се снабдени со вода за пиење. Покриеноста на населението во урбаните средини со системи за вода за пиење се движи до 90%, додека во руралните населби овој индикатор се движи од 20% до 100%. Ситуацијата во поглед на водоснабдувањето е посебно лоша во општината Сопиште каде 30% од населението не е покриено со вода за пиење. Сегашната состојба на системите за снабдување со вода во овој регион може да се дефинира како незадоволителна заради високата потрошувачка по жител и големите просечни загуби на вода (преку 55%) што се главно последица на застареноста на мрежите за дистрибуирање на водата (претежно постари од 15 години). Во Скопскиот плански регион лоцирани се две поголеми акумулациони езера – „Козјак“ и „Матка“, како и неколку помали акумулации. Во тек е изградбата на браната Св. Петка (Матка 2) на реката Треска.

Во овој регион има 746,6км колекторска и градска мрежа која претежно е лоцирана во урбаните центри на општините. Покриеноста на населението со канализациона мрежа во урбаните средини се движи 85% во Скопје, додека во руралните средини се движи од 0% (септички јами или директни испусти) до 80%. Проблемот со одведување на отпадните води е особено изразен во општините кои се лоцирани во Скопското Поле. Поради подземните води повремено доаѓа до поплавување и мешање на отпадните води со површинските води. Дел од домаќинствата и индустриите лоцирани во овој дел отпадните води ги испуштаат во каналите и површинските водотеци кои се користат за наводнување. Изготвена е физибилити студија за изградба на пречистителна станица за отпадни води за Скопје, а воедно во оптина Сарај и Ѓорче Петров е отпочнат процесот за изградба на пречистителна станица.

Депонирањето на цврстиот комунален отпад во Скопскиот плански регион се врши на единствената санитарна депонија „Дрисла“, која барем минимално ги задоволува основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Покрај „Дрисла“, на територијата на Скопскиот плански регион постојат неколку општински депонии кои не се евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад. Како и во другите региони, и во овој регион постојат голем број на т.н. диви депонии, особено во руралниот дел кој не е опфатен со услугата за подигање и депонирање на сметот, што претставува дополнителна закана за животната средина во регионот.

## 1.11. Сообраќајна инфраструктура

Постојната патна инфраструктура во Скопскиот плански регион се состои од околу 935км локални патишта, 67км магистрални, 324км регионални патишта и 86км автопат. Патната мрежа во овој регион е добро развиена, меѓутоа постојната состојба на дел од регионалните патишта (Р-103: Скопје - Петровец – Катланово, Р-117: Скопје – Зелениково и Р-403: Ѓорче Петров – Јегуновце) може да се оцени како лоша. Низ овој регион поминуваат двата Пан-европски Коридори 8 и 10, што ќе придонесе за подобрување на состојбата. Изградбата на Обиколницата околу Скопје, која е дел од Коридорот 8, целосно е завршена и пуштена е во употреба заклучно со јуни, 2009 година. Во тек на 2010 година се очекува да се потпише договор за концесија на одредени патни делници од Коридорот 8 со концесионер кој би работел на изградба и одржување на тие делници во следните 35 години. Локалната патна мрежа во овој регион е во добра состојба, но со тренд на намалување на квалитетот. Постојат делници на локалната патна мрежа кои поради големите оштетувања претставуваат потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот. Одржувањето на локалните патишта е недоволно и несоодветно, посебно во зимскиот период, што е резултат пред сè на недостаток на финансиски средства.

Скопскиот плански регион, поточно градот Скопје претставува централен железнички јазол. Вкупната должина на железничката мрежа е 94.78м, од кои 37.3км се дел од

Скопскиот железнички јазол, 31.68км е должина на линијата Скопје – Волково – граница со Србија, 18.8км се дел од железничката линија Табановце – граница со Србија и 7км се дел од линијата Скопје – Кичево. Железничката мрежа во овој регион има средна густина од 29.43км на 1000км$^2$, а должината на пругите на 100 илјади жители е 16.4км што е под националниот просек од 33.9км, меѓутоа овој регион е добро услужен со овој вид на транспорт зашто централниот јазол се наоѓа тука. Во регионот е лоцирана единствената рампа за мултимодален транспорт во Република Македонија (Ранковце) која моментално е надвор од употреба. Планирано е преку предпристапните ЕУ фондови да се подобри железничката инфратсруктура и да се зголеми нивото на безбедност и оперативност на истата согласно ЕУ стандардите.

Во поглед на воздушниот транспорт, во Скопскиот плански регион е лоциран еден од двата национални аеродроми – „Александар Македонски" во Петровец, што е од исклучително значење за функционирањето на регионот како стопански и административен центар на земјата. Во овој регион има и еден спортски аеродром од класа А, лоциран во близината на Скопје. Во Скопскиот плански регион е лоциран еден патен и еден железнички премин со Србија, како и еден граничен премин лоциран на аеродромот Александар Велики.

Посебно значајно за Скопскиот плански регион е што низ него поминува гасниот цевководен систем кој е лоциран на Коридорот 8. Вкупната должина на цевководот е 98 км, од кои 18км поминуваат низ Скопскиот регион. Исто така, дел од нафтоводот Солун – Скопје поминува низ овој регион.

### 1.12. Енергија

Вкупната просечна годишна потрошувачка на електрична енергија во Скопскиот плански регион во периодот 2003-2006 година изнесува 1711GWh (околу 35.8% од вкупната потрошувачка во РМ) што претставува највисока потрошувачка во однос на другите региони како резултат на високата концетрираност на економските активности во овој регион. Покрај на електрична енергија, овој регион се јавува и како најголем потрошувач на другите видови на енергетски суровини – јаглен, нафтени деривати и гас. Што се однесува до енергетските можности, во овој регион е значаен хидропотенцијалот на реката Треска преку ХЕЦ „Козјак", ХЕЦ „Св. Петка" (која е во изградба) и ХЕЦ „Матка". Со овие три хидроцентрали е заокружен инвестициониот зафат за искористување на енергетскиот потенцијал на реката Треска. Исто така, за регионот е значајна изградбата на гасната електрана ТЕ-ТО Скопје со комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, како и планираното проширување на магистралниот гасоводен систем од јужната страна, со што би се обезбедил гас за индустриските капацитети и домаќинствата што несомнено ќе претставува еколошки подобро решение за индустрискиот развој во регионот и ќе обезбеди почиста животна средина.

# 2. Препораки за успешност во имплементацијата на Програмата

### - врз основ на Проценка на културните вредности на Скопскиот Плански регион

*Анкетата за проценка на вредностите на културата на граѓаните на Скопскиот регион*[6] *е направена од Коуч ЕРА– Скопје, и треба да послужи како основа во создавањето на Планот за регионален развој на Скопскиот статистички регион. Направени се согледувања во анализите дадени од Richard Barrett Center – UK, и нивно толкување во насока на имплементација на веќе кажаното.*

*Препораките кои се дадени подоле се всушност обид да се одговори на прашањето кое на сите добро ни е познато а тоа е: Зошто ситуациите и работите не се придвижуваат во саканата насока и зошто посакуваното ниво за раст и развој не ни е достигнато? Во многуте искуства со планирањето на развојот, посебно економскиот, се наидуваше на скоро совршени изработени планови за развој а огромен јаз до имплементација. Напорите преку оваа анкета и препораките дадени се всушност напор да се премости јазот помеѓу планираните и реализирани цели. Препораките се во насока на воспоставување на пожелните вредности и задвижување на енергијата на раст и развој .*

*М-р. Розалија Карчицка Василевска*
*Лидер на тимот за Локален економски развој,*
*Програма на УСАИД за локална самоуправа*

Препораки за воспоставување на пожелните вредности и задвижување на енергијата на раст и развој :

Водечки принципи:

1. Отвореност , дијалог и **соработка** меѓу лидерите на заедницата и граѓаните преку траспарентност и позитивна насоченост
   - За овие процеси да дојдат до задоволително ниво потребно е во почетното инсталирање да се мониторира прогресот преку следењето на однапред дефинирани индикатори. Оваа под-мерка ќе не заштити од реверзибилни процеси на примарниот процес на отвореност и соработка.
2. Креирање на заедничка и јасна **визија** за иднината на земјата/ регионот и мисија за како со која стратегија ќе се стигне до таму.
   - Ова мерка е нешто што по својот приоритет е првата конкретна работа за која ќе можат раководството на земјата и граѓаните да седнат и да се договорат. Првите позитивни сигнали на заедништво се појавуваат со заеднички дефинираната визија. Покрај визијата и мисијата потребно е објавување на клучните вредности кои ќе го водат процесот и ќе ги подржуваат мисијата и визијата.
3. **Посветеност на лидерството** и недвосмислена заложба за реализирање на визијата во **соработка со граѓаните.**
   - Следењето на однапред инсталирани индикатори ќе покаже како напредува овој процес. Во принцип можно е да постои и во моментот

[6] Извадоци од анкетата се дадени во Анекс 3: Проценка на културните вредности на граѓаните од Скопскиот плански регион

посветеност и заложба меѓутоа со непостоење на однапред дефиниран индикатор и регуларно мерење неможе да се документира прогресот

4. Промовирање и создавање на клима на **позитивни вредности на личен и заеднички план** преку медиумите
   - Со создавање на чиста, искрена не-непотистичка култура на само-вреднување, само-ценење преку спортско,едукативни и бизнис натпрварувања, кајшто најдобриот ќе биде наградуван и јавно признаен на пример: Најдобра општина, најтранспарентен медиум, најдобар претприемач итн. Во оваа тема посебно терба да се обрати внимание на воведување на мерки кои ќе го потикнуваат натпреварувачкиот дух и желбата да се излезе во јавност и да се покаже да се докаже најдоброто во себе – **корелација со себе-вреднување**

Економски мерки:

5. Економски мерки (локално и регионално) за востановување на сигурност и заштита на најелементарно ниво, како што е **фамилијата**. Тука како форма се најприкладни мали семејни бизниси. Подршката со политики, стимулации и финансови методи може да вроди со плод за кратко време.
   - Малите и средни предпријатија-МСП се стожери на најјаките светски и европски економии. Енергијата за развој на претприемништвото треба да биде ставено на ниво еквивалентно со енергијата за привлекување на странски инвестиции, ако не и на повисоко ниво. Гледајки според посакуваните вредности ПРЕТПРИЕМНИШТВО е многу силно препорачана мерка
6. Промовирање на претприемништвото во бизнисите
   - Промовирање на обуки, саеми и трговски мисии се со цел да се допринесе во подобрување на знаењата и вештините на претприемачите, стекнување на нови партнерства, зголемување на капацитетите и конкурентноста на МСП
7. Македонските производи и услуги (туризмот) треба да се заштитат и брендираат и да се промовираат најпрво на домашниот пазар а потоа и на блиските регионални пазари, заради в**редноста на позитивен став кон себе и сопственото**
8. Промовирање на бизнис инкубаторите како можна форма пa дури и понапредни форми како технолошки паркови
9. Финансиска едукација и описменување на граѓаните
   - Поради тоа што шест од посакуваните вредности се поврзани со финансии и нивните додадени вредности. Ова ќе им овозможи на граѓаните да размислуваат во насока на ИНВЕСТИРАЊЕ наместо на штедење и задолжување кај банките за неекономски проекти. Секој просечен вработен моментно должи 5 до 6 просечни месечни плати, но добар процент од тие задолжувања не се од економски или инвестициски проекти.

Еколошки мерки:

10. Мерки за заштита на почвата, водата и воздухот се исто така битни за воспоставување на **сигурност во иднинатата за идните генерации**
11. Мерки за прочистување на почвата со засадување на конкретни култури како репа и сл
12. Мерки за заштита на воздухот и водата преку строга имплементација на еколошките дозволи;
13. Инвестирање во алтернативните извори на енергија како сончеви колектори и ветерници - генератори на ел.енергија
14. Инвестирање во заштедата на електрична енергија т.е. мерките за енергетска ефикасност

Инстутуционални мерки:

15. Обезбедување на правичност во законодавниот и извршен систем на власт, транспарентност и отчетност;
16. Обезбедување на ефикасност на владиниот ( локален и централен) систем во пружањето на јавните услуги на граѓаните;
17. Зајакнување на инспекцискиот надзор за сите општествени категории
18. КОНТИНУИРАНО МЕРЕЊЕ и мониторитање на вредностите на клучните институции во системот на истиот принцип на кој што мерењето би било поставено на ниво на регион.

## 3. Визија, Мото и приоритетна листа

*ВИЗИЈА*

*Скопскиот регион во 2014 година е Европски развиен регион со максимално искористување на ЕУ предпристапната помош.*

*Како таков успешно ги реализира своите стратешки определби за економски атрактивен и престижен регион со стапка на вработеност на Европско ниво.*

*Скопскиот регион е модерено, урбанизирано место за живеење со современа инфраструктура и поставени високи стандарди за живот.*

*Во својата грижа за идните генерации, Скопскиот регион е место на здрава и заштитена животна средина каде жителите се целосно здравствено и социјално згрижени.*

*Во Скопскиот регион грижата за човечкиот капитал и програмите за квалитетно и адекватна професионална работна квалификација на работната сила се примати за идниот развој.*

*МОТО*

***Скопскиот регион –лидер во регионалниот развој на патот до Европското Семејство!***

**Стратешки правци за развој на Скопски Плански Регион**

Приоритетна листа на стратегиски области за Скопскиот плански регион е дефинирана на работилницата на градноначалници од Советот на Скопскиот плански регион, одржана на 23 и 24 јули 2009 година во Маврово , хотел Радика.

1. **Инфраструктура-транспортна, комунална, енергетска**
2. **Заштита на животна средина**
3. **Искористување на сретствата од ИПА Инструментот**
4. **Економија-МСП, индустрија, иновации**
5. **Човечки капитал-едукација, доживотно учење, здравство, социјална заштита**
6. **Земјоделство и рурален развој**
7. **Туризам-искористување на природните и културно - историските ресурси**
8. **Урбанизам и просторно планирање**

## 4. Стратешки правци за развој на Скопски Плански Регион

### I. Стратегиска област: Инфраструктура - транспортна, комунална, енергетска

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Постоечки патни коридори<br>• Аеродромот Александар Велики<br>• Железничкиот транспорт<br>• Природни ресурси<br>• Човечки ресурси | • Недоразвиена комунална инфраструктура<br>• Некоординирано планирање на ниво на г. Скопје<br>• Несоодветна законска регулатива<br>• Неефикасна и неквалитетна работа на јавните претпријатија<br>• Монопол врз дејноста „погребални услуги“<br>• Несоодветна меѓуопштинска територијална поделба<br>• Локална патна инфраструктура<br>• Неадекватни критериуми за распределба на средства за развој од досегашни извори |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Искористување на природните ресурси<br>• Модернизација на патната инфраструктура<br>• Дополнителен развој на човечките потенцијали ангажирани во дејноста<br>• Гасификација<br>• Развивање на алтернативни енергетски извори<br>• Развој на комуналната инфраструктура<br>• Зголемување на ефикасноста на работата на јавните комунални претпријатија<br>    o Координативно тело за планирање на комуналниот развој<br>    o Координирање на годишните програми на јавните комунални препр-ја согласно програмите на општините<br>• Меѓуопштинска (интра-регионална) соработка<br>• Управување и искористување на отпадот<br>• Подобрување на постојната законска регулатива<br>• Демонополизација на дејноста за погребални услуги<br>• Промена на постојната територијална поделба врз функционална основа<br>• Воспоставување соработка со ЕВН по основ на модернизација на нисконапонската електрична мрежа | • Неодржување на отворени канали<br>• Постоење на диви депонии<br>• Недоволна сообраќајна (хоризонтална + вертикална) сигнализација<br>• Недостиг на пречистителни станици<br>• Застарена (азбестна) водоводна инсталација<br>• Користење на опасни материјали во градежништвото (азбестни покриви, радиоактивни громобрани)<br>• Несоодветна нисконапонска електро-инсталациска мрежа<br>• Неадекватна контрола на користење на концесии за искористување на природни ресурси<br>• Недоследна примена на законската регулатива во доменот на концесии за искористување на природните ресурси |

## Предлог мерки за решавање и надминување на постоечките состојби

Еден од предусловите за поттикнување на регионалниот развој е постоењето на современа и модерна сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура.
Иако со најразвиена инфраструктура споредбено со другите плански региони, Скопскиот Плански Регион се соочува со развојни предизвици заради постојните недостатоци и заради комплексноста и спецификите на самиот регион како и големите развојни апетити во наредниот период. Заради концентрацијата на населението како и на повисоката економска активност, потребно е усклaдување на активностите и обезбедување на рамномерен развој како за стопанството, така и за населението, вклучително и експлоатација на обновливи извори на енергија.
Потребна е реконструкција и модернизација на еден дел од патните правци, како и изградба на нови делници, модернизација и проширување на железничката мрежа и подобрување на инфраструктурата за воздушен сообраќај.
Во однос на комуналната инфраструктура, не е обезбедена целосна покриеност на населението, а во поглед на системите за одведување и пречистување на отпадните води, како и управувањето со цврстиот отпад, постои простор за голем напредок.
Дел од предизвиците доаѓаат од недоволно функционалната меѓу-општинска територијална поделба, потребата од поголема интер-општинска координација на плановите и активностите, координација со градот Скопје, како и недоволната ефикасност на постојната законска регулатива.

| *I Стратегиска област: Инфраструктура-транспортна, комунална, енергетска<br>Стратешка цел 1. Современа транспортна, комунална и енергетска инфрструктура со целосна заштина на животната средина* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.1 Осовременување на постојната патна инфраструктура** | **Конкретна цел 1.2 Осовременување на постојната железничка инфраструктура** | **Конкретна цел 1.3 Осовременување на инфраструктурата за воздушен сообраќај** | **Конкретна цел1.4 Реконструкција, модернизација и проширување на системите за водоснабдување, одведување и пречистување на отпадните и атмосферските води** | **Конкретна цел 1.5 Управување со цврстиот отпад** | **Конкретна цел 1.6 Искористување на природното богатство** |

### Конкретна цел 1.1
### Осовременување на постојната патна инфраструктура

Постојната патна инфраструктура во Скопскиот плански регион се состои од околу 935км локални патишта, 67км магистрални, 324км регионални патишта и 86км автопат. Патната мрежа во овој регион е добро развиена, меѓутоа постојната состојба на дел од регионалните патишта (Р-103: Скопје - Петровец – Катланово, Р-117: Скопје – Зелениково и Р-403: Ѓорче Петров – Јегуновце) може да се оцени како лоша. Низ овој регион е планирано да поминуваат двата европски Коридори 8 и 10, што ќе придонесе за подобрување на состојбата. Обиколницата на Скопје е изградена и пуштена во употреба и е дел од Коридорот 8. Локалната патна мрежа во овој регион е во добра состојба, но со тренд на намалување на квалитетот. Постојат делници на локалната патна мрежа кои поради големите оштетувања претставуваат потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот. Одржувањето на локалните патишта е недоволно и несоодветно, посебно во зимскиот период, што е резултат пред сè на недостаток на финансиски средства.

Оттука, акцент во следниот период е потребно да се стави на осовременување на постојната магистрална и локална патна инфраструктура, која ќе биде предуслов за сестран регионален развој, на дополнително развивање на локалната патна мрежа , како и на подобрувањето на сигнализацијата.

**Конкретна цел 1.2**
**Осовременување на постојната железничка инфраструктура**

Скопскиот плански регион, поточно градот Скопје претставува централен железнички јазол. Вкупната должина на железничката мрежа е 94.78м, од кои 37.3км се дел од Скопскиот железнички јазол, 31.68км е должина на линијата Скопје – Волково – граница со Србија, 18.8км се дел од железничката линија Табановце – граница со Србија и 7км се дел од линијата Скопје – Кичево. Железничката мрежа во овој регион има средна густина од 29.43км на 1000км$^2$, а должината на пругите на 100 илјади жители е 16.4км што е под националниот просек од 33.9км, меѓутоа овој регион е добро услужен со овој вид на транспорт зашто централниот јазол се наоѓа тука. Во регионот е лоцирана единствената рампа за мултимодален транспорт во Република Македонија (Ранковце) која моментално е надвор од употреба.
Со оглед на недоволната искористеност на потенцијалите на железничкиот сообраќај во регионот и пошироко, осовременувањето на постојната инфраструктура преку реконструкција и модернизација, зголемување на капацитетите за ваков тип на услуги, како и изградбата на мултимодален транспортен јазол, ќе ги надомести овие недостатоци.

**Конкретна цел 1.3**
**Осовременување на инфраструктурата за воздушен сообраќај**

Во поглед на воздушниот транспорт, во Скопскиот плански регион е лоциран еден од двата национални аеродроми – „Александар Македонски“ во Петровец, што е од исклучително значење за функционирањето на регионот како стопански и административен центар на земјата. Во овој регион има и еден спортски аеродром од класа А, лоциран во близината на Скопје. Во Скопскиот плански регион е лоциран еден патен и еден железнички премин со Србија, како и еден граничен премин лоциран на аеродромот Александар Велики.
Развиениот авиосообраќај претставува битен предуслов за брз проток на луѓе и добра. Оттаму, модернизацијата на постојната инфраструктура, проширувањето на капацитетите и на видовите и обемот на понудата на услуги поврзани со авиосообраќајот се наметнува како висок приоритет.
Дополнително, постои потенцијал за создавање на дополнителна вредност преку анимација на спортските аеродроми и нивна дополнителна, секундарна намена во стопански цели.

**Конкретна цел 1.4**
**Реконструкција, модернизација и проширување на системите за водоснабдување, за одведување на пречистување на отпадните и атмосферските води**

Скопскиот плански регион има 1120 км водоводна мрежа која е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Врз основа на податоците од пописот 2002 година 97.2% од домаќинствата во овој регион се снабдени со вода за пиење. Покриеноста на населението во урбаните средини со системи за вода за пиење се движи до 90%, додека во руралните населби овој индикатор се движи од 20% до 100%. Ситуацијата во поглед на водоснабдувањето е посебно лоша во општината Сопиште каде 30% од населението не е покриено со вода за пиење. Сегашната состојба на системите за

снабдување со вода во овој регион може да се дефинира како незадоволителна заради високата потрошувачка по жител и големите просечни загуби на вода (преку 55%) што се главно последица на застареноста на мрежите за дистрибуирање на водата (претежно постари од 15 години). Во Скопскиот плански регион лоцирани се две поголеми акумулациони езера – Козјак и Матка, како и неколку помали акумулации. Во тек е изградбата на браната Св. Петка (Матка 2) на реката Треска.

Во регионот има 723км колекторска и градска мрежа која претежно е лоцирана во урбаните центри на општините. Покриеноста на населението со канализациона мрежа во урбаните средини се движи 85% во Скопје, додека во руралните средини се движи од 0% (септички јами или директни испусти) до 80%. Проблемот со одведување на отпадните води е особено изразен во општините кои се лоцирани во Скопското Поле. Поради подземните води повремено доаѓа до поплавување и мешање на отпадните води со површинските води. Дел од домаќинствата и индустриите лоцирани во овој дел отпадните води ги испуштаат во каналите и површинските водотеци кои се користат за наводнување. Во Скопскиот плански регион не постои станица за пречистување на отпадни води.

Сегашната слика, како и податоците за демографските движења во минатиот период укажуваат на сериозна потреба за реконструкција, осовременување и проширување на капацитетите за водоснабдување, одведување и прочистување на отпадните и атмосферските води.

**Конкретна цел 1.5**
**Управување со цврстиот отпад**

Депонирањето на цврстиот комунален отпад во Скопскиот плански регион се врши на единствената санитарна депонија „Дрисла“, која барем минимално ги задоволува основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Покрај „Дрисла“, на територијата на Скопскиот плански регион постојат неколку општински депонии кои не се евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад. Како и во другите региони, и во овој регион постојат голем број на т.н. диви депонии, особено во руралниот дел кој не е опфатен со услугата за подигање и депонирање на сметот, што претставува дополнителна закана за животната средина во регионот.
Од оваа слика јасно произлегува потребата за систематски пристап кон оваа област и проширување на капацитетите преку изградба на нови депонии кои ќе работат во согласност со стандардите за заштита на животната средина.
Како дополнителна потреба како и прилика за создавање на дополнителна вредност се наметнуваат технолошките процеси за искористување на дел од отпадот преку селекција и рецилажа.

**Конкретна цел 1.6**
**Искористување на природното богатство**

Вкупната просечна годишна потрошувачка на електрична енергија во Скопскиот плански регион во периодот 2003-2006 година изнесува 1711GWh (околу 35.8% од вкупната потрошувачка во РМ) што претставува највисока потрошувачка во однос на другите региони како резултат на високата концетрираност на економските активности во овој регион. Покрај на електрична енергија, овој регион се јавува и како најголем потрошувач на другите видови на енергетски суровини – јаглен, нафтени деривати и гас. Што се однесува до енергетските можности, во овој регион е значаен хидропотенцијалот на реката Треска преку ХЕЦ Козјак, ХЕЦ Св. Петка (која е во изградба) и ХЕЦ Матка. Со овие три хидроцентрали е заокружен

инвестициониот зафат за искористување на енергетскиот потенцијал на реката Треска.
Исто така, за регионот е значајна изградбата на гасната електрана ТЕ-ТО Скопје со комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, како и планираното проширување на магистралниот гасоводен систем од јужната страна, со што би се обезбедил гас за индустриските капацитети и домаќинствата што несомнено ќе претставува еколошки подобро решение за индустрискиот развој во регионот и ќе обезбеди почиста животна средина.

Како голем енергетски потрошувач, Скопскиот плански регион има насушна потреба од рационално, но истовремено и експанзивно развивање на производството на енергија. Како никогаш досега се наметнува потребата од експлоатација на нови и обновливи извори на енергија како соларната енергија, енергија од биомаса, гео-термални извори и слично.
Посебен акцент се става на гасификацијата и развојот на потенцијалите за користење на овој поевтин енергенс.

## II. Стратегиска област: Заштита на животната средина

*Обезбедувањето на здрава животна средина во планските региони е исклучително значаен аспект за создавање на конкурентни плански региони кои ќе се препознаваат според добрите услови за живот и работа на населението. Со оглед на важноста на овој аспект од една, и недостатноста на статистички податоци и анализи на ниво на планските региони кои би овозможиле детална слика од друга страна, заштита на животната средина е идентификувана како приоритет врз основа на утврдената состојба во Просторниот план на Република Македонија и сознанијата од регионалните средби со засегнатите страни одржани при изработка на Стратегијата* – цитат од Националната Стратегија за регонален развој на РМ.

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Нова и современа законска регулатива за животна средина усогласена со ЕУ<br>• Децентрализирана надлежност на локалната самоуправа.<br>• Податоци од мониторингот на животната средина<br>• Изготвен НЕАП 1 и НЕАП 2<br>• Изготвен ЛЕАП за Град Скопје во 2004 год.<br>• Изготвени ЛЕАП-и за дел од општините во Град Скопје<br>• Усвоена Националната стратегија за инвестирање во животната средина 2009-2013 | • Недоволна покриеност со подзаконски акти на сите регулативи<br>• Недоволна екипираност на службите за животна средина во одделни општини<br>• Недостаток на финасиски средства за имплементација<br>• Неопходност од регионално координирање за одредени проекти од животната средина (аерозагадување, загадување на води, бучава...)<br>• Непостоење на статистички податоци за активностите во општините кои влијаат на животната средина<br>• Немање инспектори за животна средина во сите општини во планскиот регион<br>• Недоволна обученост на инспекциската служба за животната средина<br>• Недоволна информираност на руралните средини за проекти од животната средина (актуелности) мониторинг<br>• Потреба од физибилити студии во општините на Скопје и руралните скопски општини<br>• Неискористеност на алтернативни енергии |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| • Добра соработка со Министерството за животна средина<br>• Проактивно Министертство за животна средина<br>• Расположливи донаторски средства<br>• Обуки од Министерството за животна средина<br>• Ефикасен Сектор за животна средина на Град Скопје, како промотор на активности во планскиот регион<br>• Изработени проекти за заштита на сите медиуми на животна средина од Секторот за животна средина на Град Скопје и нивна актуелна реализација<br>• Изработени физибилити студии за отпадни води, компостирање,<br>• Започнат мониторинг на вода( површинска и подземна), на извориштата и на почвите во Скопски регион<br>• Отпочнати активности за издавање на А и Б интегрирани, еколошки дозволи за големите загадувачи. | • Непостоење на комплетни лабаратории за испитување на испустите од големите индустриски загадувачи( вода, воздух...)<br>• Постоење на диви отпадни депонии<br>• Непостоење депонија за опасен отпад<br>• Непостоење на пречистителна станица за отпадни води на територија на град Скопје<br>• |

## Предлог мерки за решавање и надминување на постоечките состојби

Грижата на заедницата за заедничките ресурси како водата , воздухот и почвата укажува на едно општество со повисоки вредноси во однос на својата иднина и на идните генерации. Заедничките ресурси се наше наследство од претците и наша обврска кон идните генерации. Во денешно време кога целиот свет се завзема за безусловно промовирање и подигање на свесноста за екологијата како и за конкретни акции за заштита, рекултивација и пошумување и наша благородна цел треба да биде грижата за планетата Земја и нејзините ресурси.

Во таа насока се движат и предлог мерките за поквалитетно и поефикасно планирање на заштитата на животната средина. **Регионалните политики , иницијативи и мерки за животната средина се вистинското место каде треба соработката во регионот да дојде до полн израз.** Ресурсите кои ги споделуваме заеднишки како што се воздухот, водата и почвата бараат и заедничка грижа за нивното искористување, заштита и рекултивирање. Понатаму контролата врз системите за прочистување на водите , загадувачите на воздухот како и поголема покриеност на регионот со вакви мерки е превентива од понатамошно загадување на овие ресурси. Почвата како еден од главните ресурси за прехрана и производство на разни растителни и индустриски култури е третиот важен ресурс за кој регионалните политики се исклучително важни. *Белите дробови на Земјата,* односно шумите се предлог мерка која мора да се спроведува регуларно.

| *II. Стратегиска област: Заштита на шивотна средина*<br>*Стратешка цел 2.* Здрава и заштитена животна средина | | | |
|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 2.1.**<br><br>**Поквалитетно и поефикасно следење на квалитетот на животната средина во Скопскиот регион** | **Конкретна цел 2.2.**<br><br>**Обезбедување услови за планирање и управување со животната средина во планскиот регион** | **Конкретна цел 2.3.**<br><br>**Намалување на загадувањето на животната средина** | **Конкретна цел 2.4.**<br><br>**Подобра заштита на природните реткости во планскиот регион** |

**Конкретна цел 2.1.**
**Поквалитетно и поефикасно следење на квалитетот на животната средина во Скопскиот регион**

Како и во другите области на интервенција и во оваа е неодминлива потребата за подобро планирање и поголема покриеност на регионот со податочни бази и мониторинг станици. За скоро секој регионален проект е неопходна студија и тоа на ниво на микро-регион или плански регион.

Програми:

- Обезбедување на добра статистичка основа за различни аспекти на стопанскиот и нестопанскиот живот, кои не се однесуваат на медиумите и областите на животната средина а имаат влијание врз квалитетот на животната средина ( демографски, енергетски, инфраструктурни...). Изработка на студии за заштита на животната средина на ниво на плански региони
- Обезбедување добра стратегија за мониторинг на животната средина (води, воздух, почва, бучава, последици од климатски промени....) согласно стратегијата на МЖСПП
- Реализација на Програмата за заштита на извориштата за вода (извор „Рашче“, бунарско подрачје „Нерези-Лепенец“)
- Реализација на програмата за заштита на површински и подземни водиво планскиот регион
- Реализација на Програмата за геохемиски мониторинг на почвите во Скопскиот регион

Предлог мерки за индикатори на успешност се број на обезбедени статистички податоци, изготвени стратегии, реализирани програми и квантитет и квалитет на обезбедени податоци.
Ризици за неисполнување се главно недостаток на финасиски средства, некоординираност, недостаток на иницијативи и сл.

**Конкретна цел 2.2.**
**Обезбедување услови за планирање и управување со животната средина во планскиот регион**

Програми:
*1.* Изработка на Стратегија за управување со животната средина во планскиот регион

2. Изработка на планови за заштита на секој од медиумите на животната средина за планскиот регион (воздух, води, почва, бучава, отпад,...)
3. Воведување на ЕМАС за единиците на локална самоуправа на планскиот регион
4. Реализирање на постоечките механизми за контрола на влијанието на инвестициите и стратегиите врз животната средина (ЕИА и СЕА)

Индикатор на успешност е број на системи за пречистување на отпадни гасови, комунални и индустриски води (на 1000 жители). Ризиците за неисполнување се слични како и во другите цели и тоа недостаток на инспекциски надзор,
недостиг од финансиски средства и неповолни економски опкружувања.

**Конкретна цел 2.3.**
**Намалување на загадувањето на животната средина**

Програми:
1. Обезбедување на имплементација на стандардите за животна средина за воздух, води, бучава, комунален и технолошки отпад и сл. во функционирањето на стопанските капацитети преку спроведување на процедурите за добивање А и Б интегрирани еколошки дозволи
2. Обезбедување современ систем за пречистување на отпадни комунални води во планскиот регион
3. Обезбедување услови за намалување на загадувањето на воздухот од подвижни и статични (енергетски објекти, објекти со индивидуални ложишта и сл) извори на загадување
4. Обезбедување услови за следење, намалување и управување со бучавата во животната средина на планскиот регион
5. Решавање на проблемот со опаснит отпад

Индикатори на успешност за оваа конкретна цел се број на издадени А и Б дозволи, изготвени проекти и физибилити студии за изградба на пречистителни станици, изградени мали локални пречистителни станици, завршени активности за изградба на пречистителна станица за Скопје, податоци за квалитет на амбиентен воздух пред и по реализирање на соодветни програми, податоци за ниво на бучава во животната средина пред и после воведување на управување со бучава, изградба на депонија за опасен отпад
Од ризиците групата која работеше на оваа тема ги наведе:недостиг од финансиски средства како и некоординираност на инволвираните страни. Неповолни економски опкружувања како наше секојдневие си носат дел од ризикот за неисполнување на оваа цел.

**Конкретна цел 2.4.**
**Подобра заштита на природните реткости во планскиот регион**

Програми:
1. Изготвување плански документи за веќе заштитените природни подрачја во планскиот регион и нивна реализација (споменик на природата Кањон Матка, парк-шума „Водно“, карактеристичен пејсаж Гази Баба)
2. Изготвување студии за утврдување на вредностите за нови локалитети и давање предлози за нивна заштита
3. Изготвување програма за заштита на почвите од ерозија
4. Изготвување годишни програми за пошумување на голините во планскиот регион и нивна реализација

Како индикатори кои се усвоени за следење на оваа активност се број на изготвени и реализирани плански документи, број на изготвени студии и дадени предлози, површини заштитени од ерозија и пошумени површини (во ха). Иако вопоследните години 2008-2009 повеке акции за пошумување се покрена ширум целата земја сепак нивното континуирано спроведување е еден од предусловите за осигурување на добра иднина за следните генерации. Ризиците кои ја пратат оваа програма се недостиг од финансиски средства или пак некоординираност или недостаток на соработка на град Скопје со Општините. Од друга страна светската рецесија и неповолни економски опкружувања во комбинација со недостиг од позитивна политичка волја можат да бидат предизвик за спроведување на оваа програма на долгорочен план.

## III. Стратегиска област: Користење на средствата од ИПА Инструменотот

Инструментот за предпристапна помош на Европската Унија-ИПА ги обединува сите досегашни механизми за финансиска помош на ЕУ во еден: CARDS[7], ISPA[8], SAPARD[9], PHARE[10] и предпристапна помош за Турција.

Инструментот ИПА се состои од 5 компоненети:

1. **Компонента 1**-Помош во транзиција и институционален развој (Досегашен CARDS) и јакнење на административните и судски капацитети;
2. **Компонента 2**- Прекугранична соработка и хармоничен и избалансиран развој со земјите членки на ЕУ;
3. **Компонента 3**- Регионален развој (досегашна ISPA), транспорт, животна средина, регионална конкурентност (иновации и претприемништво, социјална инфраструктура);
4. **Компоненета** 4- Развој на човечките ресурси (досегашна Phare), социјална инклузија, образование, обука (доживотно учење) и вработување (активен пазар на трудот);
5. **Компонента 5**- Рурален развој (досегашен SAPARD), поддршка на земјоделството, економски развој во руралните средини;

Со добивањето на статус на земја кандидат за членство во Европската Унија, Република Македонија доби поголеми можности и погодности за разлика од земјите аспиранти: средствата во рамките на вкупната алокација за ИПА се поголеми (од 17 на 40 евра по глава на жител), може да учествува во сите 5 компоненти, преку зголемено учество на инвестиционите проекти, ефектите од финансиските вложувања се видливи на кус рок, можност за децентрализирано управување со средствата со целосна вклученост на националните институции.

---

[7] Финансиски пакет за помош во транзиција и институционален развој, наменет за земјите од т.н. Западен Балкан: Република Македонија, Албанија, Федеративна Република Југаславија, Босна и Херцеговина и Хрватска (Council Regulation (EC) No 2666/2000 of 5 December 2000 on assistance for Albania, Bosnia and Herzegovina, Croatia, The Federal Republic of Yugoslavia and the Former Yugoslav Republic of Macedonia, repealing Regulation (EC) No 1628/96 and amending Regulations (EEC) No 3906/89 and (EEC) No 1360/90 and Decisions 97/256/EC and 1899/311/EC).

[8] Финансиски пакет наменет за структурни политики за регионален развој (Council Regulation (EC) No 1267/1999 of June 1999 establishing an Instrument for Structural Policies for Pre-accession).

[9] Финансиски пакет наменет за мерки во земјоделството и руралниот развој (Council Regulation (EC) No 1268/1999 of June 1999 on Community support for Pre-accession measures for agriculture and rural development in the applicant countries of central and eastern Europe in the pre-accession period).

[10] Финансиски пакет за развој на човечки ресурси на земјите од Централна и Источна Европа (Council Regulation (EC) No 3906/89 on economic aid to certain countries of Central and Eastern Europe).

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Соработка и размена на искуства со општини кои имаат искуство во аплицирање<br>• Централна гео-стратешка положба<br>• Користење на искусни консултантски куќи<br>• Постоење на домашни и меѓународни донатори за поддршка на подготовки за ИПА | • Недостаток на едуцирани кадри за изработка на ИПА апликации<br>• Непостоење на услови за користење на втората компонента од ИПА-Прекугранична соработка со Репблика Србија<br>• Нецелосна (непостоење) дистрибуција на информации до крајните корисници<br>• Непостоење на лоби групи<br>• Недоволно искуство во приватно-јавно партнерство<br>• Недоволна меѓуопштинска соработка<br>• Непостоење на микро-региони |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Користење на првата, третата, четвртата и петтата компонента на ИПА Инструментот<br>• Користење преку целосно децентрализиран систем на управување на средствата од петтата компонента на ИПА-ИПАРД, подршка за развој на земјоделството и руралниот развој<br>• Визна либерализација | • Некоординираност меѓу централна и локална власт<br>• Несоодветна законска регулатива на ЕУ во однос на Бруо домашниот производ во процесот на приоретизација<br>• Централизирано управување со првите четири компоненти на ИПА<br>• Неусогласеност на домашната законска регулатива со таа на ЕУ<br>• Нецелосна фискална децентрализација<br>• Недоволен финансиски капацитет на општините за кофинансирање на проекти од ИПА |

## Визија

Скопски Плански Регион преку искористеност на средствата од ИПА инструментот е високо развиен регион со избалансиран регионален развој, со визна либерализација и слободен проток на луѓе, стоки и услуги и високо обучени општински кадри- поблиску до Европа

| III. Стратегиска област: Користење на средставата од ИПА Инструментот<br>Стратешка цел 3.<br>Максимално искористување на средствата од ИПА ИНструментот | | | |
|---|---|---|---|
| Конкретна цел 3.1.<br>Изработен Стратешки план на СПР за користење на средствата од ИПА инструментот | Конкретна цел 3.2.<br>Подготвени кадри за изработка на ИПА апликации | Конкретна цел 3.3.<br>Целосна информираност на крајните корисници за условите и критериумите за користење на средства од ИПА Инструментот | Конкретна цел 3.4.<br>Размена на искуства со земји кандидати и земји членки на ЕУ |

**Кокретна цел 3.1.**
**Изработен Стратешки план на СПР за користење на средствата од ИПА инструментот**

Средствата од ИПА се достапни за Република Македонија од 2007 година. Заради внатрешни, но и меѓународни фактори за доцнење со преговорите меѓу Република Македонија и Европската Комисија, можностите за користење на овие средства сеуште се лимитирани. Од друга страна, информираноста на крајните корисници на средствата-општините, бизнис секторот, граѓанските организации-за текот на преговорите, можностите, начините, условите и критериумите за аплицирање е на многу ниско ниво. Исто така, низок е степенот на кадри, во сите сегменти, кои се обучени за изготвување на ИПА проекти и познавање на европското законодавство. Заради сето ова дадени се првични чекори, во вид на програми, кои излегуваат од конкретните цели, за надминување на пречките и создавање услови за зголемување на можноста за користење на средствата од ИПА инструментот.

Програми:
1.1. Формирање на тим со претставници од сите општини во СПР
1.2. Соработка со експерти и консултанти
1.3. Координација од Регионалниот Центар на СПР со целиот процес

**Конкретна цел 3.2.**
**Подготвени кадри за изработка на ИПА апликации**

Подготвени и обучени кадри во општините и граѓанскиот сектор, како и високо познавање на приликите во бизнис секторот, за изработка на ИПА Проекти и апликации, е еден од клучните услови за користење на средствата од ИПА инструментот.

Програми:
1.4. Посети на обуки и тренинзи за изработка на ИПА апликации;
1.5. Обуки за ЕУ законодавство и регулатива;
1.6. Интензивирана соработка меѓу централната и локалната власт-координираност од СПР;
1.7. Мотивирање и подигање на свесноста на општинските кадри за важноста за користење на сретствата од ИПА Инструментот;

**Конкретна цел 3.3.**
**Целосна информираност на крајните корисници за условите и критериумите за користење на средства од ИПА Инструментот**

За реализација на оваа конкретна цел, неопходна е интензивна соработка помеѓу централната власт, односно Секторот за европски прашања, Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, како независно тело кое ќе управува со средствата од петтата, ИПАРД компонента и крајните корисници. Со тоа ќе се овозможи редовен и точен проток на информации, како услов за навремено преземање на соодветни чекори за аплицирање на јавните повици и подготовка на целата потребна документација.

Програми:
1.8. Медиумска кампања;
1.9. Формирање на ЛАГ;
1.10. Изработка на промотивен материјал;
1.11. Формирање на тела за следење на ЕУ тендери и Јавни повици за аплицирање и дистрибуција на информации до општините од СПР;

**Конкретна цел 3.4.**
**Размена на искуства со земји кандидати и земји членки на ЕУ**

Дел од земјите од балканот, како Словенија, Бугарија, Хрватска, искористија голем дел од средствата од предпристапните фондови. Консултантии од овие земји, веќе извесен период се присутни во Република Македонија и финансирани од одредени донатори, испорачуваат обуки и тренинзи наменети за општините и граѓанскиот сектор. Искуствата стекнати од ваквите обуки, како и од студиските патувања, тркалезните маси, трибините, се од огромно значење во целиот процес на идентификување, подготовка, аплицирање и реализација на ИПА проекти.

Програми:
1.12. Студиски патувања;
1.13. Организирање на тркалезна маса за размена на искуства; организирање на трибини;

## IV: Стратегиска област 4: Економија- МСП, индустрија, иновации

Иновативноста и конкурентната способност на стопанството од регионот е од посебна важност бидејќи тоа е основен предуслов да деловните субјекти овозможат зголемување на нивото на економска развиеност на регионот.
Носители на економскиот развој во Скопскиот регион се големите претпријатија кои доминираат со околу 51%, додека малите и средните претпријатија со учество од 49. Сепак во поглед на вработените доминираат малите претпријатија со учество од 51% во вкупниот број вработени.

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Геостратешка положба на регионот (Крстосница на коридорите 10 и 8)<br>• Развиени индустрии (метална, хемиска, градежна)<br>• Образовен центар(концентрација на образовни институции)<br>• Функционален Регионалниот Центар за поддршка на мали и средни претпријатија – Скопје<br>• Капацитет на работна сила (млада, стручна, образована)<br>• Голем број на работноспособно население<br>• Атрактивен регион за повлекување на странскиинвестиции<br>• Јак банкарски сектор (сите банки дирекциите ги имаат во Скопје)<br>• Постоење на современи саемски изложбени центри<br>• Добри транспортни и комуникациски врски<br>• Ниски комунални такси во руралните општини<br>• Постоење на слободна индустриска зона (Бунарџик)<br>• Највисок БДП по жител во РМ<br>• Висока даночна наплата<br>• Концетрирана популација (1/3 од вкупното население на РМ)<br>• Брз пристап до аеродромот | • Висок степен на невработеност<br>• Нерамномерна економска развиеност на регионот(Скопје во споредба со руралните средини)<br>• Земјиштето во индустриските зони е во сопственост на државата<br>• Запоставена/неразвиена инфраструктура во руралните средини<br>• Недостаток на систем на центри за поддршка на МСП<br>• Неуредени индустриски зони<br>• Загадување на животната средина од физичките и деловните субјекти<br>• Застарени машински паркови во дел од големите капацитети- неконкурентнос<br>• Неможност на менаџирање со градежното земјиште од страна на општините<br>• Слаб економски развој во руралните средини<br>• Недостаток на нови големи домашни и странски инвестиции<br>• Никакво учество на Science based businesses<br>• Неизграден коридор 8<br>• Недоволно искористеност на природните ресурси на регионот<br>• Присутност на бирократски процедури во администрацијата<br>• Одлив на млади и образовани луѓе од регионот<br>• Слаба соработка помеѓу општините и бизнис секторот<br>• Недостик на економски зони во руралните средини |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Искорстување на погодностите и потенцијалите на кртосницата на двата коридора<br>• Преминување на градежното земјиште во сопственост на општините<br>• Привлекување на странски дирекни инвестиции<br>• Изградба на централната траса на коридорот 8<br>• Изградба на гасоводниот систем | • Визна либеризација – Одлевање на младиот стручен кадар<br>• Нестабилно политочко опкружување<br>• Неефикасна и спора администрација<br>• Законски небулози при странските директни инвестиции |

| | |
|---|---|
| • Подобрување на сообраќајната инфраструктура во регионот<br>• Поттикнување и поддршка на нови бизниси во руралните средини<br>• Равивање на авио карго транспорт<br>• Креирање на институционален систем за поддршка на МСП<br>• Развивање на нови индустриски/економски зони<br>• Изградба на технолошки парк - Science based businesses<br>• Потикнување и интензивирање на соработката на локаната власт со деловните субјекти и институциите за подршка на МСП<br>• Искористување на ИПА фондовите<br>• Промоција на МСП во странските пазари<br>• Развој на човечки ресурси за потребите на МСП | • Високи каматни стапки за МСП од страна на банките<br>• Влијание на светската економска криза<br>• Глобални климатски промени<br>• Недоволни извори на финансирање и рестриктивен централен буџет<br>• Висока цена на постоечкото градежно земјиште<br>• Неможност на менаџирање со градежното земјиште од страна на општините<br>• Разлики во развиеноста на општините во Скопскиот регион |

**Предлог мерки за решавање и надминување на постоечките состојби**

Зголемување на ниво на економска развеност може да се постигне преку потикнување и развој на МСП, којшто претставуваат носител на економијата на регионите (98 % на ниво на Република Македонија), потикнување на натамошниот развој на носечките индусрии на регионот (најзначајни сектори во Скопскиот регион се прехранбената индустрија, текстилната, печатарската, металопреработувачката, градежништвото, угостителството, трговијата, транспортот и деловните услуги), Привлекување на домашни и странски инвестиции преку подготвка и креирање на соодветни инфраструктурни услови во регионот (слободни економски зони, дефинирани економски зони во ниво на општини и сл.) и преку инвестирање во човечки ресурси којшто ќе располагаат со соответни знаења и вештини прилагодени спорет потребите на пазарот и трендот на развој на стопанството во регионот се со цел искористување на капацитетот, конкурентен настап на пазарот и профитабилно работење.

| **IV: Стратегиска област: Економија-МСП, Индустрија, Иновации**<br>**Стратешка цел 4.**<br>***Зголемување на нивото на економската развиеност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките идустрии и искористрување на конкурентните предности на регионот*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 4.1 Поттикнување и развој на микро, мали и средни претпријатија** | **Конкретна цел 4.2 Потикнување и развој на иновативноста и конкурентноста на носечките индустрии** | **Конкретна цел 4.3 Промоција и привлекување на нови домашни и странски инвестиции** | **Конкретна цел 4.4 Развој на човечки ресурси според потребите на стопанството** |

**Конкретна цел 4.1.**
**Поттикнување и развој на микро, мали и средни претпријатија**

Улогата на микро, мали и средни претпријатија е значиелна во економскииот раст на Скопскиот регион. Поттикнување на развојот на микро, мали и средни претпријатија во Скопскиот регион ќе се изведува преку креирање на соодветна платформа на институционална поддршка и тоа : Јакнење на капацитетот на Регионалниот Центар за поддршка на мали и средни претпријатија – Скопје кој дејствува како регионална институција за обезбедување јавни услуги за поддршка на малите и средни претпријатија и воспоставување на долгорочни партнерства со канцелариите за локален економски развој во општините на планскиот регион; Подршка за формирање на “Science based business” центри: локални бизнис инкубатори, технолошки паркови, иновативни центри, ИТ кластери; Определување на регионална/ општински економска/и зона/и; Креирање на дата база на понуда и побарувачка на микро и МСП; Подобрувања на знаењата и вештините на менаџерите во МСП во обуки; Едукација на домашните претприемачи за вложувања во пропулзивни и профитабилни дејности

Реализирањето на горенаведените активности ќе одат следени преку поставените соодветни индикатори како што се: основани центри, нови пртпријатија, новоотворени работни места, организирани манифестации (саеми, конференции , деловни средби, трговски мисии и сл.)

**Конкретна цел 4.2.**
**Потикнување и развој на иновативноста и конкурентноста на носечките индустрии**

Еден од главните носители на економскиот развој во Скопскиот регион се големите претпријатија. Зголемување на ниво на економска развиност може да се постигне преку потикнување на натамошниот развој на носечките индусрии на Скопскиот регионот. Како најзначајни сектори во Скопскиот регион се прехранбената индустрија, металопреработувачката, текстилната, винската, печатарската и градежништвото.

Ова конкретна цел ќе се реализира преку спроведување на соодветни програми и проекти и тоа; Промоција и воведување на меѓународни технички стандарди за производство и услуги; Развој на технолошко-интензивни индустрии во индустриските технолошки зони преку: Поттикнување на развојот на информатичката индустрија, Поттикнување на развојот на индустријата за автомобилски делови и привлекување на странски директни инвестиции во технолошко-интензивни индустрии во: поттикнување на развојот на информатичката индустрија, поттикнување на развојот на индустријата за автомобилски делови и привлекување на странски директни инвестиции во технолошко- интензивни индустрии.

Реализирањето на горенаведените активности ќе бидат следени преку поставените соодветни индикатори како што се: зголемен бројот на вработени, зголемен извоз на продукти во ЕУ и пошироко, зголемени капацитети, продуктивност и профитабилност на носечките индустрии воведување на меѓународни технички стандарди (ISO,CE, HACCP, EURO-GAP…), нови инвестици во економските зони и сл.

**Конкретна цел 4.3.**
**Потикнување и привлекување на нови домашни и странски инвестиции**

Новите инвестиции секогаш се предизвик за претриемачите но и за институциите на системот одговорни за економски развој. Институциите од Скопскиот регион одговорни за економскиот развој на регионот за да потикнат и привлекуваат нови и инвестиции ќе се концетрираат во реализација на следните програми : поддршка на истражувањата за технолошки развој и иновации преку искористување на постоечките објекти и земјиште во сопственост на државата и општините; промоција на Скопскиот регион; Јакнење на координацијата помеѓу релевантните институции на национално, регионално и локално ниво значајни за поттикнување на инвестициите и искористување на средствата од ЕУ фондови за прекугранична соработка
и промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестициите.
Реализирањето на горенаведените активности ќе бидат следени преку поставените соодветни индикатори како што се: Изготвено истражување за технолошки развој и иновации, склучени јавни-приватни партнерства, нови вработувања, реализирани проекти, учества во форуми, саемски манифестации или конференции.

**Конкретна цел 4.4.**
**Развој на човечки ресурси според потребите на стопанството**

Скопскиот плански регион е подрачје во кое е концентриран најголем дел (30%) од работната сила во Република Македонија. Стапката на вработеност во Скопскиот плански регион е највисока во земјата и во 2002 година изнесува 38.6%. Како и во другите региони, така и во Скопскиот економската активност е правопропорционална со степенот на образование на населението и е најмала кај лицата без училиште и со ниско ниво на образование, а најголема кај оние со факултетско образование. Анализата на образовното ниво на невработените покажува дека уделот на не ангажираната работна сила е најголем кај лицата без образование и се намалува со зголемување на образовното ниво. Иако образовната структура на населението во овој регион е релативно поповолна во споредба со другите подрачја во земјата, сепак неспорна останува потребата за преземање на мерки за натамошно намалување на уделот на лицата со ниско ниво на образование и подобрување на квалитетот на работната сила.

Оваа конкретна цел предвидува равој на човеки ресурси според потребите на стопанството. Исто се планира да се реализира преку спроведување на следните програми: совети, конултации и обука во регионалнот центар за поддршка на МСП и мрежата на центри за поддршка на МСП во Скопскиот регион и тоа за отпочнување на сопствен бизнис и за зајкнување на капацитетите на постоечките бизнис. Прилагодување на образовниот процес со потребите на стопанството; Спроведување на анализа на потребите на пазарот на труд и воспоставување на систем на доживотно учење.

## V. Стратегиска област: Човечки капитал-едукација, доживотно учење, здравство, социјална заштита

**SWOT анализа**

<table>
<tr><th>ПРЕДНОСТИ</th><th>СЛАБОСТИ</th></tr>
<tr><td>• Високо образовани и квалитетни кадри во образованието (во дел од општините)<br>• Реонизација на училиштата (ученици од близина)<br>• Социјална помош за невработени<br>• Стимулација на културен и спортски натпреварувачки дух<br>• SOS линии<br>• Остварување на социјална заштита на лица со специјални потреби (возила, рампи)</td><td>• Недоволна грижа и социјална заштита за лица со посебни потреби<br>• Недоволна грижа за стари лица<br>• Недоволен бр. на квалитетни кадри во детски градинки<br>• Низок личен доход и недостаток на стимулација кај вработените во образованието<br>• Недоволен бр. на основни училишта во некои општини<br>• Неадекватни локации на центри за лечење од (нарко)зависности (К. Вода)<br>• Неадекватна координација помеѓу образовните институции и барањата на работодавачите и потребите на пазарот на работна сила<br>• Непостоење на програма за практична работа на учениците и соработка со деловниот сектор<br>• Недостиг на програма за професионална ориентација на млади кадри<br>• Нерешен статус на училишни дворови – неискористеност на истите<br>• Недоволна кадровска структура во примарната здравствена заштита<br>• Недоволна (физичка) обезбеденост на објектите од образованието</td></tr>
<tr><th>МОЖНОСТИ</th><th>ЗАКАНИ</th></tr>
<tr><td>• Искористување ИК технологија во овие дејности<br>• Подигање на свеста за превентивна здравствена заштита<br>• Стимулирање на претприемачки дух и едукација<br>• Социјализација на возрасни лица<br>• Работно ангажирање на работоспособни пензионери и искористување на нивното искуство</td><td>• Зголемување на старосна структура на населението<br>• Одлив на високо образовани и квалитетни кадри<br>• Несигурност за иднината<br>• Загадување на животната средина</td></tr>
</table>

Човечкиот капитал, во кој се концентрирани знаењето, способностите и со тоа и моќта да се креираат нови вредности, зазема важно место во развојот на секој регион. Скопскиот плански регион иако поразвиен во споредба со другите во Р. Македонија има нагласена потреба за дополнителен и забрзан развој и искористување на потенцијалите на човечкиот фактор кој е столб за развојот и на останатите стратешки правци.

Во таа смисла, на приоритетната листа на стратешките развојни правци на Скопскиот Плански Регион, развојот и искористувањето на хуманиот потенцијал, како и здравствената и социјалната грижа заземаат високо место.
Позначајни согледувања од оваа област се: намалувањето на природниот прираст и преминувањето во стадиум на демографска старост, како и емиграцијата на млади, високо-образовани кадри.

| ***V. Стратегиска област: Човечки капитал-едукација, доживотно учење, здравство, социјална заштита***<br>***Стратешка цел 5.***<br>***Поголемо искористување на човечките потенцијали и обезбедување на соодвенти здравствени и социјални услови во регионот*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 5.1 Искористување и развој на човечкиот капитал (образование и доживотно учење)** | **Конкретна цел 5.2 Стимулација на соработката со стопанството и развој на пазарот на труд** | **Конкретна цел 5.3 Спречување на процесот на „одлив на мозоци“** | **Конкретна цел 5.4 Демографска ревитализација на регионот и општините** | **Конкретна цел 5.5 Унапредување на здравствената и социјалната заштита на населението** | **Конкретна цел 5.6 Искористување на човечкиот потенцијал во регионалниот развој** |

**<u>Конкретна цел 5.1</u>**
**Искористување и развој на човечкиот капитал (образование и доживотно учење)**

Досегашните реформи во образованието во регионот и пошироко се покажаа спори и недоволно ефикасни. Со развојот на информатичката и комуникациската технологија се отворија нови можности, кои напредокот во оваа област го издигнаа на ниво на висок приоритет. Брзиот проток на информации и достапноста на извори на знаења се основната карактеристика на денешното време.
Покрај законската регулатива која го издигна средното образование на ниво на задолжителност за секое лице со оформено основно образование, потребни се е континуиран напор и активности кои ќе обезбедат поттикнување и позитивна пракса на системот на доживотно учење. Тој концепт обезбедува динамично, флексибилно прилагодување на понудата и побарувачката на знаење и способности и задоволување на потребите на деловните субјекти, како работодавачите, така и на лицата кои се наоѓаат на пазарот на работна сила.
Во таа смисла, посебен фокус се става на програми кои се однесуваат на континуирана обука за продлабочување на знаењата и развивање вештини и способности кои се барани на пазарот на работна сила, со посебен акцент на ИКТ.

**<u>Конкретна цел 5.2</u>**
**Стимулација на соработката со стопанството и развој на пазарот на труд**

Побарувачката на специфични елементи на пазарот на труд е во директна зависност од развојот и динамиката на промените во деловниот свет, промените во социо-економската сфера или кратко кажано, од барањата на пазарот на добра кон кои деловните субјекти се стремат бргу да се прилагодат и одговорат на тие барања. Образовниот систем не се карактеризира со флексибилност и затоа доаѓа до

диспаритет во понудата и побарувачката на специфични кадри, односно недостиг од некои профили и вишок на кадри од друг вид.
Оттаму, читањето и толкувањето на сигналите кои пристигнуваат од деловните субјекти и предвидените трендови во наредниот период е високо приоритетна задача. Тоа единствено може да се постигне со остварување на програми на соработка помеѓу системот на формално образование и деловниот сектор, преку ефектуирање на центри за професионална ориентација и креирање на јавно-приватни партнерства за поддршка на вработувањата на младите високо-образовани кадри.
Посебен акцент паѓа на стимулирањето и развојот на претприемачки дух и претприемачка култура.
Системите, пак, на самофинасирање на образовните институции, доколку се воспостават, ќе бидат прекрасна можност за првите контакти на младите со деловниот свет и лични искуства и сознанија од прва рака за почитувањето на знаењата и вештините од страна на деловните субјекти, нешто со што тие ќе се соочат во подоцнежните периоди од нивниот живот.

**<u>Конкретна цел 5.3</u>**
**Спречување на процесот на „одлив на мозоци“**

„Одливот на мозоци“ претставува еден од поголемите проблеми во управувањето со човечките ресурси во општеството. Со тој процес, инвестициите во кадрите никогаш не се враќаат, а со придобивките одат на друго место. Тоа е голем удар за општеството, кое останува скратено за голем потенцијал и развој базиран на хуманиот фактор, знаење и експертиза.
Според повеќе индиции во последната деценија и во Скопскиот регион се интензивира емиграцијата во странство, особено на високообразованите кадри.
Спречувањето на овие трендови не е изолиран процес, туку комплементарен и со некои други развојни текови и трендови, како подигнувањето на општата економска активност, поттикнувањето на претприемачкиот дух и култура, усогласување на образованието согласно побарувачката на пазарот на труд и некои други.
Во таа смисла, потребна е пред сè институционална поддршка и создавање предуслови за спречување на одливот и поттикнување на повратни текови.

**<u>Конкретна цел 5.4</u>**
**Демографска ревитализација на регионот и општините**

Во природното движење на населението во регионот се забележуваат неколку карактеристики: натпросечен наталитет со негово значајно намалување , потпросечен морталитет и двапати повисока стапка на природен прираст од просекот на земјата.
Во внатрешните миграции во регионот и во најголем број од општините доминантно учество на меѓуопштинските миграции (околу 66%). Во однос на надворешните миграции регионот се издвојува со двапати повисок удел на доселените од странство.
Рангирањето на демографската старост укажува дека во периодот 1994-2006 година населението во регионот од праг на демографска старост премина во стадиум на демографска старост. Во 2002 година тоа е во стадиум на демографска зрелост во четири општини, на праг на демографска старост во седум, во демографска старост во четири, а во длабока демографска старост во две општини.
Демографската ревитализација на регионот и општините ќе дојде преку унапредување на правната рамка и институционалната поддршка за поттикнување на наталитетот во општините со негативен или низок природен прираст на населението (Согласно Популационата политика и Стратегијата за демографски развој 2008-2015), потоа преку подигнување на инфраструктурата за квалитетно

основно и средно образование, социјална и здравствена заштита во помалку развиените општини и руралните средини и преку ревитализација на животот во истите. Дополнителен стимул би дошол од поставување на повластени даночни стапки за живот и работа во малите општини и руралните средини со низок демографски индекс во рамките на регионот и преку подобрување на јавниот транспорт.

**Конкретна цел 5.5**
**Унапредување на здравствената и социјалната заштита на населението**

Речиси целото население во Скопскиот плански регион е покриено со здравствено осигурување, а како резултат на релативно подобрата состојба на пазарот на работна сила, повисок процент на населението е осигурено по основ на работен однос.
Покриеноста на населението со медицински кадар и достапноста на здравствените услуги од сите степени на здравствена заштита е многу подобра во однос на националниот просек како резултат на концентрацијата на економските активности и населението во овој регион.
Во наредниот период, потребно преструктуирање на примарната здравствената заштита на населението согласно демографските промени во општините.
Во поглед на социјалната заштита, фокусот се задржува на унапредување на истата преку подобрување на заштитата и грижата за лицата со специјални потреби (лица со функционални и ментални пореметувања, стари лица, предучилишни деца и сл.) и преку преструктуирање на социјалната и детската заштита на населението согласно демографските промени во општините.

**Конкретна цел 5.6**
**Искористување на човечкиот потенцијал во регионалниот развој**

Регионалниот развој е должност на секој жител на регионот и за истиот е потребен создавање на синергиски момент со широк зафат, почнувајќи од надлежните државни, регионални и локални институции, преку стопанскиот сектор, до последниот член на регионалната заедница.
Подигнувањето на јавната свест за политиката за регионален развој е долг процес и за тоа се потребни голем број на активности кои постојано ќе бидат присутни во свеста со пораката за благородната мисија за регионалниот развој и мисијата која секој жител на регионалната заедница ја има.

## VI. Стратегиска област: Земјоделство и рурален развој

Скопскиот плански регион располага со 79.571ха, од кои 40.900ха се пасишта. Во структурата на обработливите површини ораниците и бавчите учествуваат со 80%. Главен воден ресурс во Скопскиот плански регион е реката Вардар, со притоките Треска, Лепенец, Пчиња, Маркова и Кадина Река додека за Скопското Поле посебен ресурс претставуваат подземните артерски води. Сето ова, со поволните климатски услови, кои одговараат за сите видови земјоделско производство, како и централната месоположба на регионот-кој економски е најразвиен во Република Македонија, пружаат услови за развој на земјоделството и рралниот развој.
Од друга страна пак, високото ниво на урбанизација на регионот и големата фрагментираност на земјоделските површини, не оди во прилог на развивање на интензивно земјоделско производство. Во овој регион главно се застапени житните

култури и во извесна мера лозарството, додека индустриските култури се многу малку застапени и нема поголеми потенцијали за нивно ширење. Потенцијалот за развој на раноградинарското производство и сточарството не е доволно искористен.

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Погодни природни услови за развој на земјоделството: плодно земјоделско земјиште, пасишта, шуми, водени ресурси;<br>• Погодни климатски услови за развој на земјоделството-доволен број на врнежи и голем број на сончеви часови во годината;<br>• Погодни природни и климатски услови за производство на сите видови земјоделско производство, особено раноградинарство;<br>• Геостратешка положба на регионот-економски центар во државата;<br>• Постоење на геотермални води;<br>• Постоење на факултет за земјоделство и храна;<br>• Природни услови за развој на рурален туризм;<br>• Голем број на подземни артериски води; | • Нецелосна инфраструктура (транспортна, комунална, енергетска);<br>• Загадена средина;<br>• Недоволно развиено раноградинарско призводство;<br>• Недоволно едуцирани земјоделци;<br>• Недоволно информирани земјоделци;<br>• Непланско производство (нефункционирање на агро-берза, непостоење на производство за познат купувач);<br>• Застарена земоделска механизација;<br>• Мал број на регистрирани земјоделски бизниси;<br>• Непостоење на здружени форми на земјоделците;<br>• Нерасчистени имотно-правни односи кај земјоделското земјиште;<br>• Непостоење на меѓуопштинска соработка;<br>• Непостоење на доволен број и нефункционирање на микро-региони;<br>• Непостоење на производство со гарантиран квалитет во континуитет, со побаран квантитет;<br>• Застарена технологија во земјоделското производство;<br>• Неискористеност на гео-термални води за земјоделско производство;<br>• Слаб предприемачки дух кај производителите; |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Искористување на природните и климатските услови за развој на земјоделството и руралниот развој;<br>• Потенцијал за органско проивзодство во пооалечените рурални општини од централното градско подрачје;<br>• Потенцијал за развој на сточарството и раноградинарството;<br>• Искористување на обновливите извори на енергија<br>• Постоење на поволни земјоделски кредитни линии;<br>• Искористување на национални и меѓународни фондови за земјоделство;<br>• Користење на ЕУ предпристапни фондови за развој на земјоделството и руралниот развој (ИПАРД-петта компонента од ИПА Инструментот); | • Бирократија, корупција, непотизам во централната и локалната власт;<br>• Непостоење на систем за дополнително и неформално образование на земјоделците;<br>• Непостоење на систем за осигурување на земјоделско производство;<br>• Непостоење на карго-аеродром;<br>• Несоодветна институционална поддршка за примарните земјоделски производители и преработувачкиот сектор во областа на информирање, финансирање, организирање, даночно олеснување;<br>• Непостоење на заштита на домашно производство и негово субвенционирање;<br>• Непостоење на функционална владина политика за менаџирање на водените ресурси;<br>• Недоволно дефинирана правна рамка и |

| | |
|---|---|
| | нестабилна политика на владата за поддршка и развој на земјоделството и руралниот развој;<br>• Пренамена на земјоделско земјиште во градежно; |

**Визија**

Скопскиот плански регион е регион со модерно земјоделство со максимална искористеност на природните ресурси и климатските услови, со препознатливи стандардизирани и конкурентни крајни производи и целосна ангажираност на расположивиот човечкиот капитал во областа на земјоделството

| ***VI. Стратегиска област: Земјоделство и рурален развој***<br>***Стратешка цел 6.***<br>**Промоција на модерно земјоделство и одржлив рурален развој** | | | |
|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 6.1 Подобрување на инфраструктурата (транспортна, комунална, енергетска, хидро);** | **Конкретна цел 6.2. Промоција на дополнително и неформално образование во областа на земјоделството ;** | **Конкретна цел 6.3. Промоција на меѓуопштинска соработка и формирање на микро-региони;** | **Конкретна цел 6.4 Промоција на иновативен регионален менаџмент во примарното земјоделско производство и преработката на земјоделските производи;** |

**Стратешка цел**

Стратешка цел, заедно со конкретните цели, кои ќе доведат до постигнување и остварување на визијата за регионот е: **"Промоција на модерно земјоделство и одржлив рурален развој"**

За секоја од Конкретните цели, дефинирани се Програми, од кои ќе произлезат проекти и акциони планови за постигнување на стратешката цел и визијата за развој на земјоделството и руралниот развој во Скопски Плански Регион. Основен услов за дефинирање на конкретни проекти и акциони планови, согласно реалните потреби на крајните корисници-примарните земјоделски производители и преработувачкиот сектор во Регионот, е формирање на **Локална Акциона Група** (ЛАГ). ЛАГ би била формирана од претставници од заедницата-граѓанскиот сектор, бизнис секторот, претставници од општините во кои постојат услови за развој на земјоделството и руралниот развој. Со формирањето на ЛАГ ќе се создадат услови за:

- Исполнување на пристапот "оддолу нагоре" (bottom up пристапот) во дефинирање на реалните потреби на Регионот;
- Дефинирање, реализација и имплементација на проекти и акциони планови кои ќе произлезат од Програмата за развој на Скопски плански регион;

- Промоција на приватно-јавно партнерство;
- Промоција на меѓуопштинска соработка и природно дефинирање на микро-региони во рамките на Скопски плански регион;
- Градење на мрежи и партнерства во рамките на Регионот и со другите Плански региони во Република Македонија, како услов за користење на втората приоритетна оска од ИПАРД-спроведување на стратегии за рурален развој преку партнерства (пробен стадиум)-Leader;

**Конкретна цел 6.1.**
**Подобрување на инфраструктура**

Развојот на земјоделството и руралниот развој, не може да оди во нагорна линија, кон прогрес, без целосно развиена транспортна, комунална, енергетска и хидро инфраструктура. За да се постигне тоа дефинирани се две програми:

Програми:
1.1. Менаџирање на простор (ГУП, ДУП);
1.2.Изградба, подобрување и одржување на инфраструктура (транспортна, енеретска, комунална и хидро);

**Конкретна цел 6.2.**
**Промоција на дополнително и неформално образование**

И покрај постоењето на факултет за земјоделство и храна во Регионот, поголемиот дел од земјоделците не недоволно едуцирани и квалификувани, а со тоа и недоволно информирани, за практикување на современо и модерно земјоделско производство согласно европските и светските пазарни текови. Тоа условува примена на застарени технологии и отсуство од трендовите во земјоделското производство, што води кон непланско производство и непостоење на конкурентни и препознатливи земјоделски производи. Сите овие фундаментални пречки поврзани со човечките ресурси, ќе бидат надминати со воведување на реглирано дополнително и неформално образование (long life learning). За промоција на дополнително и неформално образование во областа на земјоделството и руралниот развој дефинирани се две програми, кои последователно промовираат субјект во неформалното образование и акција која произлегува од тоа:

Програми:
2.1.Формирање и функционирање на канцеларија за дополнително и неформално обазование-ДНО;
2.2.Промоција, организирање и спроведување на едукација за земјоделците;

**Конкретна цел 6.3.**
**Промоција на меѓуопштинска соработка и микро-региони**

Целта на Законот за регионален развој и на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија е избалансиран регионален развој и урамнотежување на диспаритетите на развој внатре во регионите и помеѓу регионите. За постигнување на таа цел, неопходна е интензивна меѓуопштинска соработка и формирање на микро-региони заради заеднички настап пред националните и меѓународните донатори и градење заедничка економија.

Програми:
3.1.Промовирање на меѓуопштинска соработка;

3.2.Промоција на микро-региони;
3.3.Заеднички настап на домашни и странски фондови;

**Конкретна цел 6.4.**
**Промоција на иновативен регионален менаџмент во примарното земјоделстко производство и преработката на земјоделските производи**

Планско производство, промоција на стандардизирани конкурентни производи со препознатлив квалитет, во континуитет со побаран кванитет, заштитени домашни производи, услови за живот во рурални средини и промоција на обратна миграција, односно град-село, се едни од приоритетите за промовирање на основа за одржливо земјоделство и рурален развој.

Програми:
4.1. Функционирање на агро-берза;
4.2. Промоција на планско производство за познат купувач;
4.3. Искористување на гео-термални води;
4.4. Промоција на органско производство;
4.5. Искористување на био-маса и компостирање;
4.6. Брендирање на производи;
4.7. Промоција на производство со гарантиран квалитет во континуитет, со побаран квантитет;
4.8. Промоција на рурален туризам
4.9. Промоција и создавање на услови за живот во рурална средина;

## VII. Стратегиска област: Туризам-искористување на природните и културно-историските ресурси

Туристите го посетуваат Скопскиот регион (градот Скопје) од најразлични причини. Според тоа, кој е мотивот за нивниот престој, можат да се издвојат четири основни групи на причини:

- Бизнис
- Настани и манифестации
- Туристичките тури
- Останати причини

Во секоја од основните групи на причини, можат да се идентификуваат по неколку подгрупи на причини, со поголема важност за туризмот во Скопје:

- Конференции (од групата бизнис причини);
- Саемите (од групата на бизнис);
- Културно-историски (група настани и манифестации);
- Верски (од групата настани и манифестации);
- Спортот и рекреацијата (од групата на настани и манифестации);
- Дел од регионалните туристички (од групата туристички тури);
- Странците со привремен престој во Скопје (од групата останати причини).

**SWOT анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Богатство на природни реткости и убавини;<br>• Пријатната клима во областите на природните убавини на регионот<br>• Постоење на вредни историски локалитети уште од периодот на праисторијата и од други различни епохи<br>• Споменици како сведоштва од различни временски периоди<br>• Сочувани верски и културно-историски објекти<br>• Разновидоност на манифестации, настани и активности<br>• Постоење на образовни институции (факултет за туризам, средни школи, курсеви); Постоење на здруженија, асоцијации, стопански комори за туризам<br>• Постоење на буџет на Градот за промоција;<br>• Постоење на аеродром кој се наоѓа во близина на градот Скопје<br>• Искреноста, услужливоста, пријателскиот пристап и љубезноста на населението;<br>• Доволен број на сместувачки капацитети и угостителски објекти и инфраструктура до нив (пат, струја, вода, телекомуникација);<br>• Постоење на сервисни услуги (такси, рента кар, бензиски пумпи, механичари);<br>• Постоење на кабареа, ноќни барови, ресторани, дискотеки според стандардите;<br>• Понуда на домашна автентична храна;<br>• Постоење на туристичка програма за Скопје; | Недоволна истраженост и промовираност на историските локалитети;<br>Непланско реставрирање на спомениците и археолошките локалитети;<br>Непостоење на заедничка промоција на здруженијата, асоцијациите и коморите и настап во државата и надвор од неа;<br>Непостоење на агенција за промоција и поддршка на туризмот;<br>Непостоење на доволен број на информативни бироа на повеќе пунктови-општини;<br>Недоволна промоција: брошури, туристичко списание, рекламни спотови, паноа;<br>Непостоење на автентични сувенири и продажни центри за таа намена;<br>• Исполитизираност на туризмот;<br>• Непостоење на туристички саеми во Скопје;<br>• Непостоење на светски познати хотелски брендови;<br>• Непостоење на доволно приказни за градот и неговите споменици како дел од брендирањето;<br>• Лоша инфраструктурна поврзаност со туристичките локалитети (природни, културно – историски, археолошки);<br>• Стара и оштетена сигнализација и сигналитика на археолошките локалитети, историските, културните и природните споменици;<br>• Недостаток на санитарни објекти и неодржување на малкуте постоечки<br>• Неуреденост на туристичките локалитети (хортикултурно, инфраструктурно); Недостаток од спортско-рекреативни објекти;<br>• Неповрзаност на аеродромот со редовна автобуска линија;<br>• Непостоење на туристички камп во регионот<br>• Недоволно едуцирани кадри во дејноста (недоволно познавање на странски јазици, општа неинформираност);<br>• Нестандардизација на туристичкото работење;<br>• Вработување во туризмот и угостителството на лица кои немаат соодветно образование;<br>• Слаба поддршка од централната власт;<br>• Непостоење на стимулативни мерки (посета на саеми, поволни кредити, обука);<br>• Отсуство на континуирана обука на вработените во туристичко-угостителските капацитети;<br>• Недоволно изградена свест за зачувување и одржување на материјалните, културните и природните добра;<br>• Немање на специјални продавници кои нудат домашни автентични производи;<br>• Туристичките агенции не располагаат со туристичка програма по сегменти на туристичка |

| | |
|---|---|
| | понуда;<br>• Времено анимирање на туристите (потребно е анимирање и по нивната посета на градот, земјата);<br>• Недоволна координираност на сместувачките капацитети со туроператорите;<br>• Неискористеност на Старата скопска чаршија како туристичка атракција; |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Креирање на јавно-приватно партнерство за одржлив туризам<br>• Голем број на транзитни туристи<br>• Заинтересираност на туроператорите за регионот и на меѓународни институции и фондови за инвестиции во културата<br>• Искоритување на можностите за одржлив алтернативен туризам (еко, манастирски, селски, планинарски, спелеолошки туризам, алпинизам, спортско качување итн.)<br>• Афирмација на културното наследство (манастири, археолошки локалитети, културни споменици)<br>• Подобрување на инфраструктурната поврзаност со туристичките локалитети (природни, културно –историски, археолошки);<br>• Организирање на туристички саеми во Скопје; | • Неповолна политичка состојба во регионот<br>• Одлив на стручен кадар од туристичка дејност<br>• Недоволна култура на однесување (свест) за културно-историско и природно богатсво<br>• Недостиг на средства за зачувување на културното-историско богатсво<br>• Неизнаоѓање на заедничка законска легислатива-комуникација помеѓу општините<br>• Буџети на општините<br>• Намалена инвестициона активност и интерес за инвестирање во туризам |

## Предлог мерки за решавање и надминување на постоечките состојби

Како причини поради кои одредени посетители доаѓаат во Скопје можат да се издвојат и: шопингот, инвестициите, престој за едукација, посети на нашите печалбари на нивните роднини, винските предели, студентска и друга размена, но овие посети не спаѓаат во групата на позначајни причини за туристичките посети[11].

[11] Град Скопје Стратегија за развој на Туризмот 2009-2013

| *VII. Стратегиска област:* **Туризам - Искористување на природните и културно-историските ресурси во регионот**<br>***Стратешка цел 7.***<br>**Оптимално користење на природното и културно-историското наследство во функција на развој на туризмот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 7.1. Збогатување на туристичката понуда преку содржинско подобрување на туристичките атракции и развој на туристичка инфраструктура** | **Конкретна цел 7.2. Потикнување и развој на транзитен, бански, селски и традиционален туризам** | **Конкретна цел 7.3. Заштита и промоција на природното и културно-историското наследство** | **Конкретна цел 7.4. Креирање на конкурентски предности и јакнење на човечките ресурси во делот на туристичката гранка** |

**<u>Конретна цел 7.1</u>:**
**Збогатување на туристичката понуда преку содржинско подобрување на туристичките атракции и развој на туристичка инфраструктура во Скопскиот регион**

За збогатување на туристичката понуда преку содржинско подобрување на туристичките атракции и развој на туристичка инфраструктура во Скопскиот регион, фокусот ќе биде ставен во реализација на следните програми: Мапирање на археолошки локалитети и културно-историските и природните ресурси; Формирање на регионално тело за заедничка промоција на регионот и спроведување на заедничките активности, промција и учество во промотивни манифестации; Ревитализација и враќање на автентичноста на Старата скопска чаршија; изградба на забавен парк од типот на познатите светски забавни паркови; Проектирање и изведување на културна патека низ Старата чаршија
Реализирањето на горенаведените активности ќе бидат следени преку поставените соодветни индикатори како што се: Изработени мапи за туристичките локалитети, Формирано регионално тело за туризам, обезбедени финасиски буџет од општините, организирани промотивни настани и манифестации, зголемен број на туристи, отварање на нови работни места.
За промоцијата на туризмот многу е значајна соработката со националните туристички асоцијации и единиците за поддршка на развојот на туризмот во другите општини во државата, како надополнување на промотивните активности.

**<u>Конретна цел 7.2</u>:**
**Потикнување и развој на транзитен, бањски, селски и вински туризам**

Втората конкретна цел покрива Потикнување и развој на транзитен, бањски, селски и вински туризам. Поради карактеритиките и условите кои ги има Скопскиот регион тоа овозмошува развој на успешен транзитен туризам т.е привлекување на посетители да застанат, престојуваат и да ја консумираат туристичката понуда.

За практична иплеметација на оваа стратешка цел ќе се спроведуваат соодветните програмии проекти: Кампања за зголемување на јавната свест за природните убавини и реткости, Организирање на традиционални манифестации (изложби, фолклор, автентична кујна, обичаи), Етно село- изнаоѓање локација и изградба, промовирање и развој на бањскиот туризам, промовирање и развој на винскиот туризам, инфраструктурни зафати за подобрување на условите за туризам преку адаптирање и опремување на објектите за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди, адаптација на локалитети за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди (ауто рели, велосипедизам, планинарење, алпинизам) и подобрување и обележување на туристичката инфраструктура.

**Конретна цел 7.3:**
**Заштита и промоција на природното и културно-историското наследство**

Присутноста на големиот број на природно и културно-историско наследство во Скопскиот регион се добра основа за развој на успешен туризам. Но тоа ќе се обезбедува преку заштита и промоција на културното наследство во рамките на третат конкретна цел.Тука се предвидуваат да се реализираат следните програми: Заштита на природно и културното-историско наследство, креирање на културно-историска туристичка понуда како и кампања за зголемување на јавната свест за природните убавини и реткости, културно-историските споменици и локалитети, во Скопје и Скопскиот регион

Покрај делот од програмите кој ќе биде насочен кон дополнителна содржина на туристичката понуда ќе обезбеди и промоцијата на културното-историско наследство, изворниот фолклор и обичаи, како и понудата на сувенири и друг репрезентативен материјал карактеристичен за регионот.
Дигитализација на културно наследство е неопходна како би можело да биде направена Интернет презентација и промоција на културното наследство на Скопскиот регион преку веб страна за туристичката понуда на регионот во облик на официјален туристички портал кој ќе биде постојаното ажуриран и надополнет со информативни туристички билтени и календари.

**Конкретна цел 7.4:**
**Креирање на конкурентски предности и јакнење на човечките ресурси во делот на туристичката гранка**

Јакнењето на човектите ресурси т.е. зголемувањето на знаењата, вештините и капацитетите на претприемачите и заедницата за развој на туризмот го заокружуваат сетот на активности кој ќе овозможи свесност за економската корист од развојот на туризмот и унапредување на начинот на практикуавње на туристиичките услуги.

## VIII. Стратегиска Област: Урбанизам и просторно планирање

Скопскиот плански регион опфаќа 17 општини (Табела .1.) од кои 10 се дел од градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Овој регион го опфаќа басенот на Скопската котлина и зафаќа вкупна површина од 1812 км$^2$ или 7% од територијата на Република Македонија.[12] Во регионот се лоцирани 142 населени места, од кои 141 се рурални населби. Густината на населеност изнесува 319 жители/км$^2$ и е четири пати повисока од просекот на земјата (81 жители/км$^2$). Во градот Скопје е концентрирано околу 88% од населението во регионот, односно

[12] Површините на регионите се однесуваат само на копнениот дел од територијата

25,1% од вкупното население во земјата што укажува на огромната концентрација на населението во скопската агломерација.

Табела .1

| | Општина | Површина ха | жит/км2 | Населени места | Учество (во %) на градското во вкупното население |
|---|---|---|---|---|---|
| 0 | **Скопје** | 571 | 888 | 52 | |
| 1 | Аеродром* | | | 1 | 96.6 |
| 2 | Бутел* | | | 4 | 74.0 |
| 3 | Гази Баба* | | | 13 | 60.3 |
| 4 | Ѓорче Петров* | | | 6 | 78.9 |
| 5 | Карпош* | | | 2 | 97.0 |
| 6 | Кисела Вода* | | | 2 | 82.8 |
| 7 | Сарај* | | | 22 | 14.8 |
| 8 | Центар* | | | 1 | 100.0 |
| 9 | Чаир* | | | | 100.0 |
| 10 | Шуто Оризари* | | | 1 | 97.9 |
| 11 | Арачиново | 31 | 374 | 4 | |
| 12 | Зелениково | 177 | 23 | 14 | |
| 13 | Илинден | 97 | 164 | 12 | |
| 14 | Петровец | 202 | 41 | 16 | |
| 15 | Сопиште | 222 | 25 | 13 | |
| 16 | Студеничани | 276 | 62 | 19 | |
| 17 | Чучер-Сандево | 236 | 36 | 12 | |
| | **Вкупно** | **1812** | **319** | **142** | **71.8** |

***Градско население и ниво на урбанизација*** - Учеството на градското во вкупното население во земјата изнесува 56,7% (2002 година). Во Скопски регион се движи до 71,8%. Градот Скопје остана единствената градска населба со над 100.000 жители. Повеќе од една третина (36,2%) од градското население живее во Скопје.

***Домаќинства и семејства -*** Во периодот 1994-2002 година бројот на домаќинствата со натпросечен пораст (12,4%) имаат Југозападниот, Североисточниот и Скопскиот регион, а со најмал се издвојува Пелагонискиот регион (3,5%).

Во делот на анализирањето на предностите и слабостите на урбанистичкото планирање за Скопскиот плански регион од страна на работната група, беа нагласени како предности постоењетто на ГУП за Град Скопје и ДУПовите за скопските општини додека пак од друга страна недостатокот или целосно непостоење на ДУПовите за поголем број од руралните општини во Скопскиот плански регион. Поголем дел од урбаните општини во Скопскиот регион имаат солидна покриеност со ИКТ и со човечки капацитети што од една страна претставува предност но, на жал таквите капацитеи се многу малку искористени при пишувањето на проекти апликации за ЕУ и другите донатори. Регионалното урбанистичко планирање претставува можност за поефикасен и побрз развој на регионот во смисол на ИПА и ИПАРД фондовите, прекугранична соработка и сл. Еден од

горливите проблеми на урбанистичкиот развој се и постоењето на нелегалните градби и нивното инкорпорорирње во постоечките урбанистички планови. Непостоењето на подземен катастар претставува една од слабостите на општинско а со тоа и на регионално ниво.

Она што претставува сериозна закана за урбанистичкиот развој на скопскиот регион се менувањето на законската регулатива за урбанистичко планирање . Во овој дел се надоврзуваат како отежнувачки фактории нерешените имотно-правни односи, и некоординираноста на Катастарот со единиците на локалната самоуправа во делот на движењето на информации, промени, ажурираните геодетски подлоги и сл. Локалните самоуправи немаат свои бази на податови за имотно-правните работи и тоа го успорува нивното работење. Една од сериозните закани во делот на локалниот и регионален развој на скопскиот регион се и долгите процедури за измени и дополнување на ДУПовите.

**SWOT анализа**

| **ПРЕДНОСТИ** | **СЛАБОСТИ** |
|---|---|
| • Изработени ГУП за Скопски регион<br>• Изработени ДУПови за Скопските општини<br>• ГИС систем во општина Карпош<br>• Техничка покриеност со ИТ на оддел и секторите за урбанизам<br>• Солидни човечки капацитети/вештини на службениците во урб.одделенија | • Некоординација, несинхронизација со ЕЛС на носењето на просторната – планска документација<br>• Непостоење на ДУПови за рурални средини (делумна покриеност)<br>• Непостоење планска документација вон населено место (делумна покриеност)<br>• Неискористеноста на знаењето и вештините на службениците од урбанизам во пишување на проекни апликации<br>• Постоење на нелегални градби<br>• Катастар<br>• Подземен катастар |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Регионално планирање/ меѓуопштинска соработка можност за поефикасен урбанистички развој<br>• Искористување на ИПА фондовите за регионален развој ( ИПА + ИПАРД)<br>• Прекугранична соработка како можност за развој ( Сарај, Чучер Сандево) | • Често менување на законската регулатива за урбанистичко планирање<br>• Отежнато имплементирање на донесената планска документација ради менувањето на регулативата<br>• Нерешени имотно-правни односи (МФ)<br>• Некоординираност катастар – општ.-урбанистичко одделение ( движење на информации, промени и сл, ажурирање геодетски промени)<br>• Долга процедура за измена и дополна на УП (закана за инвеститорите)<br>• Немање бази за имотно – правни работи<br>• Член 14 од законот за просторно и урбанистичко планирање е проблем кочница за планирањето |

## Предлог мерки за решавање и надминување на постоечките состојби

Како неодминлива потреба за Скопскиот плански регион, се појавува поголема покриеност на регионот со просторно-планска документација и нејзина реализација и тоа вклучува: Изработка на просторни планови за сите региони; Изработка на

просторни планови за општините; Изработка на планска документација за руралните и заштитени подрачја. Унапредување на правната и институционалната рамка за реализација на просторно-планската документација е втората стратешка определба која во голем дел ги третира ефективноста на ресорните министерства, непостоењето на подземниот катастар и постоењето на нелегални градби.

| **VIII. Стратегиска област: Урбанизам и просторно планирање**<br>***Стратешка цел 8.***<br>**Поголема покриеност на Скопскиот регион со просторно-планска документација и нејзина брза и ефективна реализација** | |
|---|---|
| **Конкретна цел 8.1.**<br>**Поголема покриеност на планските региони со просторно-планска документација за планирање на урбаниот и другите сегменти од развојот** | **Конкретна цел 8.2.**<br>**Изработка на планска документација за подрачјата со специфични развојни потреби** |

Секоја од конкретните цели е пооделно разработена во програми и проекти. Како мониторинг алатки се одредени индикатори за нивно следење како и можни извори на информации.

**<u>Конкретна цел 8.1.</u>**
**Поголема покриеност на планските региони со просторно-планска документација за планирање на урбаниот и другите сегменти од развојот**

Програми:
- Изработка на просторни планови за планските региони
- Изработка на урбанистички планови за општините
- Воспоставување и консолидација на катастарот во процесот на изработување на урбанистичките планови - ажурирани геодетски подлоги

За остварување на оваа цел е потребно да се имплементираат програми за изработка на регионални просторни планови. Генералниот урбанистички план за град Скопје е потребно како таков да се ажурира во набрз можен рок и да ги отслика тековните состојби и да го предвиди идниот развој на градот. Во делот на покриеност со ДУПови , посебно е потребна хитност во делот на изработка и усвојување на на ДУПовите за руралните општини. Една од пререките е непостоењето на ажурирани геодетски подлоги како резултат на несоработувањето на Катастарот со одделенијата за урбанизам во општините.
Како ризици за неисполнување на позитивните индикатори можат да се јават недостатокот од финасиски сретстава за изработка на ДУПовите посебно кај руралните општините, некоординираност или недостаток на соработка на централна и локалната власт како и процедурите за усвојување на ГУП и ДУПовите.

**<u>Конкретна цел 8.2.</u>**

**Изработка на планска документација за подрачјата со специфични развојни потреби**

Програми:

- Планирање на специфични економско-стопански зони со потребната документација (координирање на регионално ниво)
- Планирање на заштитените зони (Водно, Гази Баба и Матка, Говрлево)
- Почитување на заштитните зони на извориштата (Рашче, Нерези-Лепенец, ) при носење на планските документации

Изработка на планска документација за подрачјата со специфични развојни потреби е услов за реализација на просторно-планската документација во целост. Конкретни програми за оваа стратешка цел се планирање на заштитените зони (Водно, Гази Баба и Матка, Говрлево) како и почитување на заштитните зони на извориштата (Рашче, Нерези-Лепенец, ) при носење на планските документации. Во секоја целисходна стратегија за развој планирање на специфични економско-стопански зони со потребната документација како и координирање на регионално ниво се предуслов за успешна иднина на секој современ град или регион.
Како ризици за неисполнување на позитивните индикатори можат да се јават различните интереси на градот и општините во Скопје како и недостиг од финансиски средства. Непочитување на законот кое може да произлезе од недоволнитеинспекциски надзори и некоординираност или недостаток на соработка на централна и локалната власт се уште едни од предизвиците кои треба да се решат во позитивна насока.

# 5. Имплементација

## 5.1. Институционална рамка за регионалниот развој

***Носители на политиката за регионален развој.*** Во Законот за рамномерен регионален развој се дефинирани следните носители на политиката за регионален развој:

- Владата на Република Македонија;
- Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија[13];
- Министерството за локална самоуправа, и
- Советот за развој на планскиот регион[14].

Покрај гореспоменатите, носители на процесот на планирање на регионалниот развој и спроведување на планските документи за регионален развој се и:
- Бирото за регионален развој[15], и
- Центар за развој на планскиот регион.

***Советот за рамномерен регионален развој*** е составен од претставници на централната власт и претставници од планските региони и ја усогласува политиката на рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија. Советот дава мислење за планските документи за

[13] Членови на Советот се:
- Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања;
- Министрите за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Претседателите на Советите за развој на планските региони, и
- Претседателот на ЗЕЛС – Зеадницата на единиците на локалната самоуправа, и
- Научни и стручни лица од областа на регионалниот развој (незадолжителни и непостојани членови).

[14] Членови на овој совет се градоначалниците на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион

[15] Бирото е орган во состав на Министерството за локална самоуправа

регионален развој (Стратегијата и Програмите за развој на регионите) пред нивното усвојување од страна на релевантните институции (Владата и/или Парламентот).

Советот за рамномерен регионален развој има надлежност и задача да:
- ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија;
- ја утврдува Предлог-стратегијата за регионален развој;
- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони;
- ја утврдува Предлог-листата за подрачја со специфични развојни потреби;
- утврдува Предлог-одлука за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност;
- утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средствата од Буџетот на Република Македонија, наменети за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата;
- дава мислење по извештаите за спроведување на планските документи за регионален развој;
- иницира разгледување на прашања од областа на регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу Владата на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и другите засегнати страни; и
- разгледува други прашања од областа на рамномерниот регионален развој.

***Министерството за локална самоуправа*** е овластено да ја креира и спроведува националната политика за рамномерен регионален развој во соработка со другите ресорни министерства кои одвојуваат средства за поттикнување на регионалниот развој. Тоа е одговорно за креирање и спроведување на националната политика во согласност со другите национални стратешки документи. Како одделен субјект во рамките на Министерството, Бирото за регионален развој ја има улогата на главна оперативна единица во спроведувањето на политиката што вклучува и поддршка на Центрите за развој во регионите. За своите активности во однос на регионалниот развој, Министерството поднесува редовни извештаи до Советот за рамномерен регионален развој и до Владата на Република Македонија. Министерството за локална самоуправа ги врши следните работи:
- ја организира и координира подготовката на националните стратешко-плански документи за регионален развој;
- обезбедува усогласеност на Стратегијата со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија;
- подготвува и доставува на Владата на Република Македонија извештаи за спроведување на планските документи за регионален развој;
- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- врши и други работи поврзани со рамномерниот регионален развој, утврдени со закон.

***Советите за развој на планските региони*** се формираат за секој одделен плански регион и во нивниот состав влегуваат градоначалниците на општините од дадениот регион. Советите се одговорни за развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.
- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;

- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој;
- донесува годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- утврдува годишна листа на предлог-проекти за развој на регионот, согласно со приоритетите во Програмата за развој на планскиот регион, кои се доставуваат до Бирото за регионален развој за финансирање од средствата наменети за проекти за развој на планските региони;
- доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од член 7 од Закон за рамномерен регионален развој;
- обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата на граѓани, државните агенции и институции во рамките на регионот, кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација помеѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор;
- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси;
- усвојува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион; и
- врши други работи од областа на регионалниот развој утврдени, со закон.

***Биро за регионален развој*** ги врши следните работи:

- подготвува аналитичко-документациска основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој;
- ја изработува Предлог-методологијата за изработка на планските документи;
- подготвува годишни извештаи за имплементацијата на Акциониот план на Стратегијата;
- ја изработува Предлог-одлуката за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби;
- ја изработува Предлог-листата на подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги изработува Предлог-критериумите за степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и регионите;
- го изработува Предлог-актот за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност;
- дава стручна помош на Центрите за развој на планските региони, при подготовка на програмите за развој на планските региони и вршење на други активности поврзани со регионалниот развој;
- ги информира засегнатите страни за видовите и обемот на средствата и за инструментите за поттикнување на регионалниот развој;
- воспоставува и се грижи за одржување на информацискиот систем за регионалниот развој во соработка со Државниот завод за статистика; и
- врши и други работи од областа на регионалниот развој, утврдени со закон.

***Центрите за развој на планските региони*** (формирани од страна на општините од секој регион) имаат улога на оперативни тела чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на регионите. Центрите за развој за својата работа одговараат на Советите за развој на планските региони. Центарот за развој на планскиот регион ги врши следните работи:

- ја изготвува Предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- подготвува Предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој;
- обезбедува стручни услуги на здруженија на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот развој;
- спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори;
- поднесува годишен извештај за своето работење до Советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа;
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион; и
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион.

***Единиците на локалната самоуправа*** заеднички треба да учествуваат во подготовка на регионални предлог проекти (во согласност со насоките дадени од Бирото за регионален развој), а исто така се одговорни за поднесување на барања за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија. Исто така, единиците на локалната самоуправа ќе имаат значајна улога при реализација на проектите за развој на планскиот регион, а посебно на проектите за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата. Со цел максимално да се користат расположивите финансиски ресурси за регионален развој, единиците на локалната самоуправа треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проекти од значење за регионот.

…………………………………………………………………………………..

***Градење на капацитетите за регионален развој.*** За да се постигне ефикасен и ефективен процес на градење на капацитетите потребно е да бидат исполнети неколку предуслови:

- Консенсус помеѓу главните носители околу целите на политиката за регионален развој;
- Волја и посветеност од страна на раководните структури во релевантните институции (тела) за градење на капацитетите за регионален развој;
- Обезбедување на потребната финансиска поддршка од страна на централната и локалната власт за градење на капацитетите за регионален развој;
- Избирање на кадарот исклучиво врз основа на професионалните квалификации и користење на сиот расположив кадар со определени познавања релевантни за регионалниот развој;
- Посветеност за образование и обука за регионален развој на вработените во релевантните институции.

Градењето на институционалните капацитетите за регионален развој е комплексен процес кој подразбира неколку елементи:

- Системска поставеност на процесот на градење на капацитетите за регионален развој што вклучува јасно определување на носителите на процесот на градење на капацитети (пожелно институција на национално ниво), поврзување на таргетираните институции каде е потребна надградба на капацитетите, вмрежување на човечките ресурси со определени предзнаења од оваа област заради подобро искористување на веќе постоечките капацитети,
- Креирање на единствена база на обучувачи од областа на регионалниот развој и обезбедување на обука на обучувачите со цел користење на унифицирана методологија при транферот на знаења;
- Обезбедување координација на различните институционални нивоа вклучени во системот на регионалниот развој:
    - Хоризонтална, вклучувајќи ја координацијата помеѓу: (i) Министерствата на национално ниво, (ii) регионалните тела (Центри и Совети) за поддршка на развојот на регионално ниво, (iii) општините на локално ниво;
    - Вертикална: помеѓу различните нивоа на администрацијата (Министерства до регионални тела со општините) и во рамките на рамката утврдена со закон. Врските на ниво на политиката (помеѓу националниот Совет и регионалниот Совет, не треба да се третираат одделно од врските на оперативно ниво (помеѓу Центрите и општините и Бирото за регионален развој);
    - Координација помеѓу јавниот и приватниот сектор, односно помеѓу различните нивоа на администрацијата и/или телата и претставниците од бизнис и невладиниот сектор.
- Обезбедување координација на поддршката од донаторите со цел да се постигнат високи ефекти од помошта наменета за градење на капацитетите за регионален развој;

Постоењето на наведените елементи ја детерминира успешноста на процесот на градење на капацитетите, имајќи предвид дека станува збор за област која подолго време беше занемарена во Република Македонија. Имајќи ја предвид комплексноста на регионалниот развој, мерките да бидат насочени кон надминување на слабостите детектирани во капацитетите на секоја институција што се појавува како носител на регионалниот развој (наведени погоре). Градењето на капацитетите треба да биде континуиран процес заради динамичната природа на развојот и постојаното отворање на нови можности за финансирање на проекти од регионално значење за чие предлагање и реализација е потребен квалификуван персонал.

### 5.2. Финансирање на регионалниот развој

Реализацијата на целите предвидени во Стратегијата за регионален развој на Република Македонија е поврзана со значителни финансиски ресурси. Согласно Законот за рамномерен регионален развој (член 27), како извори на финансирање на регионалниот развој се наведени:

- Буџетот на Република Македонија,
- Буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- Расположивите фондови на ЕУ,
- Други меѓународни извори,
- Донации и спонзорства од физички и правни лица и
- други средства утврдени со закон.

Законот пропишува за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП. Финансиските средства се непходни за да се поттикне развојот на планските региони и да се обезбеди намалување на диспаритетите помеѓу планските региони. За жал, досегашната пракса на издвојување на средства за поттикнување на развојот на неразвиените подрачја во Република Македонија (пред воспоставување на системот на регионален развој) покажува дека биле издвојувани многу помалку средства од предвидените. Продолжувањето на истата пракса би оневозможило постигнување на планираните цели на политиката на регионалниот развој и затоа, ***основен предуслов за поттикнување на регионалниот развој е обезбедување на средства во пропишаниот износ (или повеќе) од страна на државата.***

Во Законот се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно закон.

Употребата на економските и финансиските механизми за поддршка на регионалниот развој треба да биде според начелата на добра координација на управување со интрументите, партнерство, ефикасност и ефективност од аспект на трошоците, транспаретноста, отчетност и контрола. Посебно се значајни следните начела:

- Координација на инструментите и ресурсите за регионален развој со цел за нивна оптимална алокација за остварување на целите на регионалниот развој.
- Ефикасност и ефективност на инструментите од аспект на оправданоста на трошоците во однос на целите. Ова претпоставува алокација на финансиските средства само на проекти од кои се очекува да дадат предвидените резултати, односно конкурентни проекти. Овој принцип треба да се однесува на сите плански региони и значи дека регионите, без оглед на нивото на нивната развиеност, треба да се оспособат за предлагање на квалитетни проекти зашто финансиски средства за развој ќе можат да добијат само на тој начин. Врз основа на овој принцип е осмислен системот на распределба на средствата за поттикнување на регионалниот развој со цел да се обезбеди ефикасност и ефективност во трошењето на средствата, како и да се оспособат регионите за аплицирање за проекти и од други извори, посебно ИПА фондовите на ЕУ.

## 5.3. Следење, оценување и ажурирање на Стратегијата за регионален развој

Следење на реализацијата на Стратегијата за регионален развој врши Владата на Република Македонија преку годишен извештај за спроведување на акциониот план на Стратегијата (чл. 44 од Законот). Овој извештај го подготвува Министерството за локална самоуправа и го доставува до Владата, по претходно мислење од Советот за рамномерен регионален развој.

При реализацијата на Програмата за развој на Скопски плански регион, ќе се земе во предвид Националната Стратегија за одржлив развој во Република Македонија, преку промовирање на рамномерен, балансиран економски, социјален и еколошки регионален развој, кој би бил во насока на постигнување на одржлив развој.

Стратегијата за регионален развој се оценува преку прелиминарно, тековно и завршно оценување. Прелиминарното оценување се врши пред почетокот на спроведување на Стратегијата, односно пред нејзиното поднесување за усвојување од страна на надлежниот орган. Со прелиминарното оценување се прави оценка на кохерентноста и усогласеноста на целите, приоритетите и мерките на Стратегијата за регионален развој со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во ЕУ. Прелиминарното оценување го врши Советот за регионален развој на Република Македонија кој дава свое мислење и сугестии за дополнувања/промени во Стратегијата.

Тековното оценување на Стратегијата за регионален развој се врши на средина од периодот на нејзино спроведување. Со тековното оценување се прави оценка на реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалниот развој, идентификувани во Стратегијата и акциониот план. Завршното оценување се врши по завршување на периодот за спроведување на Стратегијата. Со завршното оценување се прави оценка на степенот на реализација на Стратегијата, исполнувањето на дефинираните цели и приоритети и на постигнатите ефекти во поглед на поттикнување на регионалниот развој.

За спроведеното прелиминарно, тековно и завршно оценување на Стратегијата се подготвуваат извештаи кои се основа за ажурирање, односно измена и дополнување на Стратегијата.

Согласно Законот, постапката за избор на оценувачи и методологијата за оценување се регулираат со подзаконски акти на Министерството за локална самоуправа. Во периодот на изработка на Стратегијата, овие подзаконски акти не беа донесени заради што не е направен подетален осврт на постапките и критериумите за оценување.

Согласно член 3, точка 8, од Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, по изготвувањето, а пред имплементацијата на Програмата за развој на Скопски плански регион, Советот на Скопски плански регион, е должен да спроведе постапка за стратегиска оцена на животната средина.